

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023-2027

## Агенција за млади и спорт

Агенција за млади и спорт

Врз основа на член 19 став (3) од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/20), Владата на Република Северна Македонија донесе

**НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ 2023-2027**

## 1. Вовед

**Националната стратегија за млади 2023-2027 (во натамошниот текст НСМ) е стратешки документ со кој се утврдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите во Република Северна Македонија (РСМ)**. Главен императив на стратегијата е да ја унапреди положбата на младите во општеството поставувајќи основни принципи на делување и цели и мерки кои нудат реформска рамка пред се за институциите, но и останатите чинители при овозможување на младите да ги остварат своите права, потреби и интереси.

**Агенцијата за млади и спорт (во натамошниот текст АМС) е главен носител на процесот на изработка на Националната стратегија за млади 2023-2027.** Стратегијата ги одразува ставовите и приоритетите на младите за сегашноста и иднината на државата и се заснова на стратешката определба на Владата да работи со и за младите, стремејќи се да обезбеди услови во кои младите ќе го достигнат својот целосен потенцијал. Националната стратегија за млади е стратешки документ кој произлегува од обврските дефинирани со Законот за младинско учество и младински политики и претставува клучен механизам за унапредување на младинските политики и препознавање на потребите на младите во државата.

**Националната стратегија за млади 2023-2027 заедно со акцискиот план[1] кој претставува составен дел од стратегијата, ја донесува Владата на Република Северна Македонија и се однесува на временски период од пет години (2023-2027).** Дефинираните цели и мерки се креирани од страна на младите и институциите негувајќи партнерски однос, на начин кој се труди да обезбеди нивна остварливост во зададениот временски период, препознавајќи дека потребите на младите се динамични и менливи.

**Под терминот „млади“ оваа стратегија ги опфаќа сите лица на возраст од 15 до 29 години**.[2] Користената дефиниција на терминот млади произлегува од Законот за младинско учество и младински политики и е во согласност со дефиницијата за млади која се користи во Европската стратегија за млади 2019-2027.

**Националната стратегија за млади 2023-2027 опфаќа осум приоритетни области**:

1. Младинско учество

---

[1] Во рамки на стратегијата се предвидени два акциски планови, 2023-2025 и 2026-2027.

[2] Според податоците од последниот попис на населението (2021) вкупниот број на граѓани кои припаѓаат на оваа категорија изнесува 326.773 или 18% од вкупниот број на населението.

2. Младинско информирање

3. Младинска работа

4. Образование

5. Култура

6. Здравје

7. Претприемништво и поддршка пред вработување

8. Безбедност (насилство)

**Во рамки на приоритетните области се преточени и голем број на хоризонтални теми и предизвици како што се**: родовата рамноправност, унапредувањето на животната средина, справувањето со кризи и шокови (како КОВИД-19), учество во демократскиот живот, членството во Европската Унија и дигиталната трансформација. Кон дефинирање на целите и мерките беа земени предвид и политиките и принципите кои се врамени во Европската стратегија за млади 2019-2027 како и Целите за одржлив развој на Обединетите нации.

**Поставените цели и мерки на дејствување се засноваат на предизвиците идентификувани од младите, статусот и развојните потреби на младинскиот сектор, како и младинските трендовите во државата.** Појдовна точка за утврдување на потребите на младите беше *Истражувањето на младински трендови 2022* подготвено од страна на Агенцијата за млади и спорт, како и останатите релевантни истражување во областа млади. Процесот на дефинирање на целите и мерките се одвиваше во рамки на осум тематски работни групи, дополнителни консултации со млади на национално ниво, како и средби со чадор организации, средношколци и средношколски организации, студенти и студентски организации, службеници за млади, млади советници, подмладоци на политички партии, Клубот за младински прашања и политики на Собранието на Република Северна Македонија и други релевантни чинители, низ консултативен, инклузивен и транспарентен процес. Во рамки на креирањето на стратегијата учествуваа преку 1000 учесници.

**Националната стратегија за млади 2023-2027 има за цел да придонесе кон намалување на бариерите со кои се соочуваат младите а кои го нарушаат нивното целосно и ефективно учество во општеството на иста основа како и другите.** Во овој контекст, предвидени цели и мерки имаат за цел да обезбедат соодветна поддршка за младите, особено на младите со помалку можности[3] и подобро препознавање на нивните специфични потреби преку кои ќе се адресираат социјалните, економските, географските и културните бариери и бариерите поврзани со сите форми на дискриминација.

**Националната стратегија за млади 2023-2027 предвидува индикатори за мерење на успешноста, постигнувањата и влијанието на стратегијата, распределени во секоја приоритетна област.** Со овој

[3] Младите со помалку можности се млади луѓе кои се во неповолна положба во споредба со нивните врсници затоа што тие се соочуваат со еден или повеќе фактори и пречки на исклучување (дефиницијата за млади со помалку можности е преземена од Европскиот солидарен корпус).

чекор, ќе се проценат реалните ефекти од она што е предвидено во рамки на стратегијата и ќе се обезбеди сеопфатен систем за мониторинг и евалуација.

## 2. Процес на изработка на стратегијата

**Процесот на изработка на НСМ е дефиниран со „Методологијата за изработка на  национална стратегија за млади 2023-2027“**, додека проблемите и предизвиците со кои се соочуваат младите беа првично детектирани преку *Истражувањето за младински трендови*[4], изработено за потребите на АМС. Во рамки на истражувањето беа опфатени 1200 млади луѓе на возраст од 15 до 29 години од осумте плански региони и беше спроведено помеѓу јануари и април 2022 година. Во процесот на дефинирање на состојбата на младите беа консултирани и голем број на тековни релевантни истражувања како што се: *Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања*[5], *Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија*[6], *Студија за млади на Република Северна Македонија 2018/2019*[7], *Млади во криза 2.0 Ефекти од пандемијата врз младите и препораки до институциите*[8] и *Млади на попис*[9], меѓу останатите.

**На денот на одбележување на Меѓународниот ден на младите (12 Август 2022) беше првично најавен процесот на изработка на НСМ, додека официјалниот почеток беше одбележан на 17 октомври 2022 година на националната „Конференција за утврдување на Младинските цели 23/27“.** Во рамки на конференцијата беше претставен предвидениот процес на подготовка на стратегијата и потребата од донесување на нова НСМ. На самиот настан, учесниците имаа можност да учествуваат и во дефинирањето на предлог визија за стратегијата, од чиишто рамки произлезе и текстот на финалната верзија на визијата.

**Стратегијата опфаќа осум приоритетни области:** Младинско учество, Младинско информирање, Младинска работа, Образование, Култура, Здравје, Претприемништво и поддршка пред вработување и Безбедност (насилство). Седум од опфатените области беа дел и од претходната стратегија за млади, додека како новитет се јавува приоритетната област Безбедност (насилство) која во се поголема мера има влијание врз состојбата и делувањето на младите луѓе и оттаму потребата за нејзино вклучување во новата НСМ.

**За изработката на НСМ беа формирани осум работни групи, по една работна група посветена на секоја од приоритетните области опфатени со стратегијата**. За секоја работна група, врз база на јавен конкурс и транспарентен процес на избор, беше ангажиран еден тематски експерт задолжен за организацијата на работната група. Наодите и резултатите од *Истражувањето за младински трендови* како и другите

---

[4] Агенција за млади и спорт (2022). Истражување на младинските трендови. Скопје: Агенција за млади и спорт

[5] Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2020). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

[6] Коалиција СЕГА (2021). Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија.

[7] Фондација Фридрих Еберт (2019). Студија за млади на Република Северна Македонија 2018/2019.

[8] Група организации (МОФ, ЗМАИ, Реактор) (2021). Млади во криза 2.0 Ефекти од пандемијата врз младите и препораки до институциите.

[9] Реактор, Млади на попис.

релевантни истражувања, беа водечка премиса за тематските експерти при организација на работата на работните групи.

**За потребите на изработката на содржините по приоритетните области беа организирани преку триесет средби на тематските работни групи**. При дефинирањето на составот на работните групи клучна улога им беше дадена на младите, институционалните претставници – службениците за млади, младинските здруженија и здруженијата за млади, чадор младинските организации, како и претставници на локалните млади. Процесот на организирање на работните групи се засноваше на принципите на еднаквост, недискриминација и инклузивност.

**Надвор од работните групи беа организирани низа на дополнителни средби.** Со цел постигнување поголем степен на вклученост при подготовка на првичниот текст на стратегијата беше организирана дводневна консултативна средба со средношколци, работна средба со чадор организации и студентските претставнички тела, средба со подмладоците на политичките партии и средба со Клубот за младински прашања и политики во рамки на Собранието на РСМ.

**Во месец февруари 2023 година, Агенцијата за млади и спорт (АМС) го објави драфт текстот од Националната стратегија за млади 2023-2027**. Со цел на обезбедување на инклузивност во процесот на изработка на новата стратегија за млади, во рамки на месец март 2023, беа организирани широки консултативни средби на национално ниво на кои учесниците имаа можност да се произнесат по драфт текстот на стратегијата.Консултациите на национално ниво се одржаа во Струга, Гостивар, Битола, Велес, Струмица, Куманово, Штип и Делчево. Дополнително, беа организирани три засебни средби во Скопје со: младинските чадор организации и студентските претставнички тела, младите општински советници, и младите пратеници и подмладоците на политички партии. Паралелно со процесот на јавни консултации драфт текстот на Националната стратегија за млади 2023-2027 беше достапен на пошироката јавност преку Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР), преку кој систем исто така беше овозможено доставување на предлози, сугестии и забелешки. Исто така, во консултативниот процес беше користена и алатката U-Report изработена од УНИЦЕФ.

**Врз основа на добиените сугестии, коментари и забелешки од консултациите, во месец април 2023 година беше подготвен ревидиран драфт текст на стратегијата.** Со цел пошироката јавност да има увид во прибраните забелешки и начинот на кој тие се адресирани во ревидираниот текст, беше подготвен и дополнителен јавно достапен документ кој на повеќе од 40 страни ги документираше сите пристигнати сугестии и начинот на кој тие се адресирани со новиот предлог текст. Овој чекор беше од суштинско значење за обезбедување на висока транспаретност во рамки на самиот процес на консултации, но и отчетност кон сите оние учесници кои дадоа свој придонес во креирањето на стратегијата. Ревидираниот текст на стратегијата беше разгледан на завршна јавна конференција одржана на 3-ти Мај 2023-та година, на која присустуваа 152 учесници.

**По финализирањето на текстот на стратегијата, се пристапи кон подготовка на првиот акциски план за периодот 2023-2025 година.** Овој план беше разработен во рамки на тридневна работилница (24-26 јули во Струмица) на која учествуваа претставници на младинските организации и претставници од

институциите. Тие беа одговорни за изработка на активностите во врска со осумте приоритетни области, како и за прецизирање на финансиските аспекти поврзани со нив. Дополнително, по завршувањето на тридневната работилница, беа организирани и дополнителни средби со клучните министерства кои имаат улога во реализација на стратегијата.

**Во целокупниот процесот на создавање на стратегијата беа вклучени повеќе од 1300 учесници.** Преку широка вклученост на младите и релевантните државни органи, Агенцијата за млади и спорт се погрижи новата Национална стратегија за млади да биде документ кој ги одразува потребите на најразлични групи на млади, а во исто време, да обезбеди институционална поддршка во креирањето на предвидените цели и мерки.

| Број на учесници во креирањето на стратегијата | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Почетна конференција** | **Членови на осум работни групи** | **Дополнителни работни средби** | **Локални консултации во 8 градови** | **U-Report прашалник** | **Пристигнати коментари по драфт текст по електронски пат** | **Завршна конференција** | **Акциски план 2023-2025** |
| 145 учесници | 311 учесници | 117 учесници | 264 учесници | 236 анкетирани млади | 8 коментари | 152 учесници | 70 учесници |
| | | | | | | **ВКУПНО** | **1303 учесници** |

**Носител на процесот на подготовка на Националната стратегија за млади беше Агенцијата за млади и спорт, во партнерство со Програмата за развој на Обединети нации – УНДП, Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Фондот за население на Обединети нации – УНФПА.**

# 3. Тековна состојба на младите во РСМ

## 3.1 Хоризонтални теми и нови предизвици во фокус на младите

**Поширокиот социјален, економски и политички контекст во кој е подготвена оваа стратегија, барем во некои аспекти, е многу поразличен од претходната стратегија**. Пандемијата со КОВИД-19, и пропратните кризи, создаде нови и во некои делови ги влоши веќе постоечките предизвици со кои се соочуваат младите. Како резултат на тоа, голем број на млади чуствуваат се поголема неизвесност и дополнителен стрес за својата иднина. Во исто време, како приоритет на младите се наметнуваат и нови теми поврзани со заштитата на животната средина и развивање на еколошката свест, родовата рамноправност, недискриминацијата, и дигитализацијата.

**И покрај активните мерки на Владата за намалување на ефектите од КОВИД-19 кризата, пандемијата неминовно се одрази и врз состојбата на младите.** Таа влијаеше врз нивното образование, социо-економска благосостојба и здравје.[10] Младите кои се дел од образовниот процес мораа брзо да се прилагодат на онлајн наставата и претрпеа одредени загуби во учењето. На ниво на целата држава, за кратко време беа овозможени услови повеќе од 90% од младите да следат настава од далечина. Сепак дел од ранливите групи на млади не секогаш ги имаа потребните услови во домот за непречено следење на наставата, предизвик со кој се соочија речиси сите држави во светот. За време на првите месеци од пандемијата младинската невработеност бележеше благ раст, а потоа беше намалена со активни мерки во понатамошниот тек на кризата и вратена на нивото пред почетокот на пандемијата. Од здравствен аспект, иако младите не се најпогодената возрасна група, дел од нив се соочија со потешкотии при добивањето здравствени услуги и почуствуваа последици по нивното општо и ментално здравје. Пандемијата влијаеше и врз други аспекти врз животот на младите, како што се дружењето и врските, културно-забавниот живот и добросостојбата на семејството.

**РСМ, како и многу други земји, се соочува со предизвици поврзани со заштита на животната средина во чие решавање младите имаат активна улога**. Влијанието на овие предизвици го чувствува целото население, но особено младите. Еден од клучните еколошки предизвици со кои се соочува државата е загадувањето на воздухот кое го нарушува здравјето и влијае врз постојниот еко систем. Младите на возраст до 29 години и жените се категории граѓани што загадувањето на воздухот особено ги загрижува во однос на останатите возрасни групи.[11] Под влијание на климатските промени како глобален проблем, земјата се соочува и со се почести и поинтензивни топлотни бранови, суши и екстремни временски услови, а истражувањата покажуваат дека кај младите постои загриженост и за овие теми.[12] Во рамки на справувањето со овие предизвиците, младите се почесто учествуваат во еколошки движења и акции и преземаат активна улога во решавање на еколошките проблеми, ја издигнуваат еколошката свеста и

[10] Млади во криза (2021). Ефектите од пандемијата и препораки до институциите.
[11] УНИЦЕФ (2021). Истражување за знаењата, ставовите и практиките во врска со климатските промени и животната средина.
[12] *Ibid.*

грижа, и ја менуваат перцепцијата за животната средина во својата локална заедница. Младите на овој начин застануваат во првите редови на справување со штетните ефекти од загадувањето и климатските промени.

**Родовата нееднаквост и дискриминација стои на патот на целосно искористување на човечкиот потенцијал кај младите.** И покрај тоа што поголемиот дел од дипломираните студенти се жени, сепак ваквата предност подоцна се губи на пазарот на труд, при што жените се соочуваат со повисока невработеност од мажите и во помал дел се на раководни позиции.[13] Дополнително, во одредени средини сè уште постои очекување младите жени да одберат т.н. женски професии, а во исто време е присутен и притисокот од околината која им ја наметнува потребата да имаат семејство, брак и деца што воедно ги спречува да се посветат на кариерата.[14] Постојат и стереотипи за учеството на младите жени во политиката. Истражувањата на перцепциите на младите покажуваат дека повеќе од една третина од младите сметаат дека мажите се подобри политичари од жените.[15]

**Технологијата и дигитализацијата го трансформираат општеството и имаат значително влијание врз животот на младите.** Речиси 99% од младите го користат интернетот секој ден или речиси секој ден[16], а најмногу придобивки гледаат во можноста за социјална интеракција и комуникација, едукација, информирање и разонода[17]. Според податоците од Евростат за 2021 година, една третина од младите во РСМ го користат интернетот за посета на онлајн курсеви, што е во рамки на просекот на земјите од Европската Унија.[18] Во поглед на работата, се зголемува и бројот на млади кои себеси се гледат како програмери, вебдизајнери, креатори на компјутерски игри, и ред други професии кои се поврзани со употребата на технологија. Работењето на далечина е исто така во подем. Дополнително, во време на развиена технологија и достапост до различни социјални медиуми младите користат нови алатки да се слушне нивниот глас**.** Повеќе од една третина од младите го користат интернетот како алатка за да комуницираат со јавните власти.[19]

### 3.2. Предизвици на младите во рамки на приоритетните области кои ги опфаќа стратегијата

**Нееднаквиот пристап до образование и недостигот од квалитет е еден од позначајните проблеми со кои се соочуваат младите.** И покрај напорите за зголемување на пристапот до образование во изминатите години, голем број на млади со помалку можности (како Роми, лица со попреченост и млади од сиромашни семејства), бележат помали стапки на учество и завршување во рамки на сите образовни степени. Резултатите од ПИСА студијата, а и од останатите интернационални истражувања во кои

[13] Годишен извештај на народниот правобранител за 2016 година.
[14] Коалиција СЕГА и Волонтерски Центар Скопје. Студија на случај за родови стереотипи за учество на млади жени во процесите на донесување на одлуки во неразвиените делови на Скопскиот регион.
[15] Галевски, М. (2019). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: апатија, оптимизам или разочараност. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.
[16] Државен завод за статистика (2021). Користење на информатичко-комуникациските технологии за првото тромесечје од 2021 година.
[17] Фондација Фридрих Еберт (2019). Студија за млади на Република Северна Македонија 2018/2019.
[18] https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ISOC_CI_AC_I$DV_1122/default/table?lang=en
[19] https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ISOC_BDE15EI$DV_1123/default/table?lang=en

учествува РСМ, покажуваат ниски постигања на нашите ученици. Половина или повеќе од учениците не покажуваат основно ниво на владеење во читање (55%), математика (61%) и природни науки (49.4%).[20] Иако до својата 18 годишна возраст децата поминуваат 11 години на училиште, во просек покажуваат образовни резултати еднакви на само 7.3 години учење.[21] Незадоволство со квалитетот на образованието е евидетно и од перцепциите на самите млади. Според Истражувањето на младинските трендови 2022, младите своето задоволство од формалното образование го оценуваат со средна оценка 3,5 (на скала од 1-најниско, до 5-највисоко).[22]

**Голем број на млади луѓе се соочуваат со предизвици при вработување, како резултат на нискиот квалитет на образованието и неусогласеноста на образованието, меѓу кои и на стручното образование и обука, со потребите на пазарот на трудот**. Впрочем, за младите, невработеноста и понатаму останува најголем проблем.[23] Иако стапката на невработеност кај младите континуирано се намалува и бележи пад од близу 10% во последните неколку години, од 39.2% во 2017 година на 27.6% во 2021 година, РСМ останува како една од земјите со највисока стапка на младинска невработеност во Европа.[24] [25] Дополнително, младите имаат скоро двојно поголема веројатност да бидат невработени во споредба со другите возрасни категории, а секој трет млад човек е изложен на ризик од сиромштија и социјална исклученост - особено тука спаѓаат оние млади што доаѓаат од семејства со понизок социоекономски статус и од руралните подрачја.[26] Загрижува и податокот дека скоро една четвртина од младите во земјата спаѓаат во категоријата лица што ниту се вработени ниту се вклучени во образование/обука (NEET - Neither Employed nor in Education or Training).[27]

**Состојбата со невработеноста на младите предизвикува и миграциски движења.** Повеќе од половина од младите (58%) би се иселиле од државата доколку им се укаже можност, а само 6.9% од нив би се вратиле назад во државата.[28] Покрај невработеноста, состојбата со животната средина и нечистиот воздух се издвојуваат како едни од главните причини за отселување на младите.[29] Од граѓаните на РСМ кои веќе заминале надвор во земјите на ОЕЦД, дури 20% од нив се високо образовани, што е највисока стапка помеѓу земјите од Западен Балкан. Бројот на студенти од државата кои заминуваат да студираат во земјите на ОЕЦД е зголемен за речиси три пати помеѓу 2013-та и 2019-та година.[30] Вербата за можно

---

[20] Државен испитен центар (2020). Извештај за постигањата на учениците во Република Северна Македонија PISA 2018.
[21] Светска банка (2020). Индекс за човечки капитал.
[22] Агенција за млади и спорт (2022). Истражување на младинските трендови.
[23] УНИЦЕФ (2021). Истражување за знаењата, ставовите и практиките во врска со климатските промени и животната средина.
[24] Светска банка (2019). Наоѓање решенија за невработеноста на младите во Северна Македонија.
[25] Европска комисија (2022). Северна Македонија извештај за 2022 година.
[26] Евростат дата база на податоци, 2022 година.
[27] Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (2021). Анекта за работната сила.
[28] Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2020). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.
[29] УНИЦЕФ (2020). Родени во транзиција. Анализа на ситуацијата на младите во Северна Македонија. Скопје: УНИЦЕФ.
[30] ОЕЦД (2022). Миграција на работна сила во Западен Балкан: Модели за мапирање, справување со предизвиците и искористување на придобивките.

членство во Европската Унија е еден од позначајните фактори кои ги одвлекува младите од желбата за напуштање на земјата и ги прави пооптимистични за својата иднина.[31]

**Одливот на мозоци води кон значајни загуби во човечки капитал.** Според Индексот за човечки капитал на Светска банка кој ја проценува продуктивноста на следната генерација на работници споредено со одредницата за целосно образование и здравје, едно дете кое денеска е родено во РСМ ќе има продуктивност од само 56% од тоа што би можело да го постигне доколку му биде обезбедено квалитетно образование и биде потполно здраво.[32] Тоа е една од најниските стапки во Европа. Дополнително, повеќе од четири од пет млади луѓе сметаат дека државата не го користи нивниот потенцијал.[33] Се проценува дека цената на миграцијата во рамки на една година може да ја чини државата и до близу половина милијарда евра.[34]

**Незадоволството на младите со случувањата во државата е тесно поврзано и со нивните можности да учествуваат и влијаат на работата на институциите и довербата која ја имаат во нив.** Иако Законот за младинско учество и младински политики од 2020-та година преставува важен исчекор кој дава можности и насоки за широко и систематско вклучување на младите луѓе во низа на процеси на централно и локално ниво, сепак преостануваат низа на предизвици за уште поактивно вклучување на младите во работата на институциите. Потврда за тоа се и постоечките истражувања. Повеќе од две третини од младите, сметаат дека тие не се соодветно вклучени во процесите на донесување на одлуки.[35] Во исто време, речиси осум од десет млади, сметаат дека властите делумно или воопшто не се грижат за нив и нивните потреби, а само една третина сметаат дека властите се запознаени со нивните потреби и проблеми.[36] Дополнително, две третини од младите никогаш не биле консултирани од властите, ниту на локално ниту на централно ниво.[37]

**Во рамки на политичкото претставување останува простор за поголема вклученост на младите**. На парламентарни избори во 2020 година, 19,17 % од кандидатите на изборните листи беа лица на возраст од 18 – 29 години, а само 3% од избраните пратеници се на возраст под 30 години.[38] На локално ниво, според резултатите од локални избори одржани во 2021 година, само двајца од избраните градоначалници се млади, додека позабележителен број на млади се општинските советници (17%).[39] Во

[31] Галевски, М. (2019). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: апатија, оптимизам или разочараност. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

[32] Светска банка (2020). Индекс за човечки капитал.

[33] Центар за истражување и креирање политики (2018). Европската интеграција и младинската мобилност: Како од одлив до прилив на кадар?.

[34] Вестминстер фондација за демократија (2019). Цената на миграцијата во Северна Македонија.

[35] Агенција за млади и спорт (2022). Истражување на младинските трендови.

[36] Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2020). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

[37] *Ibid.*

[38] Галевски, М. и Ѓорѓиовска, Ј. (2020). Младинско политичко отсуство. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

[39] Ѓорѓиовска, Ј. и Малевски, Б. (2022). Одложено младинско учество – Локални избори 2021. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

однос на гласањето, повеќе од половина од младите редовно гласаат[40], но во исто време, дури 70% од младите не заинтересирани за политиката[41].

**Квалитетот на понудени информации за млади варира и е со ограничен пристап.** Информациите кои може да бидат од интерес за младите не се консолидирани во рамки на еден простор кој ќе овозможи тие да бидат лесно достапни. Дополнително, младите се многу поретко застапени во медиумите од останатите возрасни групи[42] и често се прикажани како незаинтересирани, пасивни и аполитични. Несоодветната застапеност на младите во медиумите е во голема мера резултат на недоволното учество на младите во креирањето на медиумските содржини, а со тоа и развивањето на квалитетни содржини за млади. Иако близу 100% од младите користат интернет на дневна основа, сепак забележливо е дека само 13.7% од младите во РСМ имаат напредни дигиталните вештини, за разлика од просекот во Европската Унија од 39.5%. Во однос на информирањето за општествените настани, речиси 90% од младите до информациите доаѓаат преку социјалните мрежи и интернет портали, а како најголем предизвик со кој се соочуваат во однос на информирањето се јавуваат неточните информации.[43]

**Учеството на младите во креирање на програми, културни содржини, или политики во област на културата во земјава е исто така ниско**. Само еден од пет млади луѓе е вклучен во овој вид на процеси.[44] Иако 85.7% од младите сметаат дека културата е важна за развојот и квалитетот на живот, сепак нивното учество во културно-уметничка активност како организатори или учесници е ниско (33.7%) со покажан интерес за значителен раст (77.6%) доколку имаат соодветни можности. Учеството секако зависи и од можностите во средината на живеење, а дел од нив се поврзани со постоењето на простори за култура и културни содржини. И ова претставува значаен предизвик бидејќи 39.8% од младите сметаат дека ретко се нудат културни содржини во нивното место на живеење.[45] (Не)достапноста на информации за постоечки културни содржини и нивната видливост е исто така високорангирана причина за незадоволителна културна понуда[46].

**Младинската работа во последните години добива засилено признавање и препознавање, но младинските работници им е потребна поголема поддршка.** Со донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики во 2020-та година, младинската работа во РСМ за прв пат беше дефинирана во законски акт, а младинската работа е и формално препознаена како занимање преку усвоениот стандард на занимање за Работник со млади од 2018 година. Младинската работа главно се спроведува од страна на младински организации и организации за млади, како и од малиот број на

---

[40] Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2020). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.

[41] Коалиција СЕГА (2021). Почетна студија за младинските трендови во Република Северна Македонија.

[42] Фидановски, К. и Јованова, Е. (2021). Поневидливи во медиумите отколку во политиката. Политичка мисла, 12 (12-2021), стр. 84-96.

[43] Агенција за млади и спорт (2022). Истражување на младинските трендови

[44] Митровиќ, Д. (2022). Национален извештај: Потреби на младите и видливост на младинските програми во областа на културата во Северна Македонија, Сојуз за младинска работа (Регионален проект „Melting Pot”).
https://smr.org.mk/wp-content/uploads/2020/04/Nacionalen-Izvestaj_kultura.pdf

[45] Агенција за млади и спорт (2022). Истражување на младинските трендови.

[46] Ибид 42

младински центри на локално ниво кои досега се основани во само 6 општини.[47] Поради тоа, младинската работа не е широко достапна и доволно одржлива, а најголем дел од институциите, младите и другите чинители и групи во општеството сè уште не се запознаени со значењето и важноста на младинската работа. Недостасува и широка општествена промоција, како и меѓуинституционална и меѓусекторска соработка во полето на развојот и препознавањето на младинската работа.

**Младите се соочуваат и со мноштво на проблеми поврзани со нивното физичко и ментално здравје**. Високи 20.4% од младите во државата се пушачи, 58.2% се конзументи на алкохол, а 10.4% се корисници на психотропни супстанци.[48] Младите се изложени и на предизвици поврзани со менталното здравје, менталната хигиена и стигмата поврзана со сите потешкотии поврзани со модерното живеење.[49] Скоро половина од средношколците во моментот или во минатото се соочиле со потешкотии поврзани со нивното ментално здравје[50], додека само 1.5% од младите средношколци посетуваат психолог или психотерапевт[51]. За време на пандемијата со КОВИД-19, една петина од младите пријавуваат влошување на нивното ментално здравје.[52]

**Безбедноста на младите и улогата на младите во создавање на безбедни околини е од исклучителна важност.** Загрижувачки е фактот што во 2020 година регистрирани биле 104 инциденти на злосторства од омраза од кои 76 се на етничка основа, 12 на политичка и 3 на религиозна основа.[53] Овие случаи според податоците ретко добиваат институционална разрешница што дополнително ја усложнува состојбата и влијае на довербата на младите врз институциите. Во овие инциденти претежно се инволвирани млади лица што ја потцртува важноста за работа со млади на спречување, но и создавање на околина која гради култура која се темели на меѓусебна почит и соживот. Од аспект на безбедноста, подеднакво важен е и сајбер просторот и потребата за сензибилизрање на младите за заканите кои постојат во него. Дури 55% од младите се изјаснуваат дека се често соочени со врсничко насилство онлајн, а 26.7% сметаат дека онлајн вознемирувањето од страна на пријатели и познаници е најголемата закана онлајн. Истовремено, 63% од младите никогаш не добиле обука или формално запознавање со проверка на информации онлајн, интернет однесување за заштита од сајбер насилство, заштита на лични податоци и датотеки, и заштита на онлајн содржини.[54]

---

[47] До декември 2022, младински центри врз основа на Законот се основани во Битола, Велес, Кавадарци, Куманово, Охрид и Пробиштип.

[48] Агенција за млади и спорт (2022). Истражување на младинските трендови.

[49] Студија на деца од школска возраст и млади (2018). https://www.iph.mk/en/health-and-health-care-of-school-children-and-youth-in-north-macedonia-2018/

[50] Младите можат (2019). Перцепции во врска со менталното здравје меѓу средношколците.

[51] Младите можат (2019). Перцепции во врска со менталното здравје меѓу средношколците.

[52] МЦМС (2021). Ковид-19 - една година стравови, очекувања и желби за враќање во ‘нормала’.

[53] Хелсиншки комитет за човекови права (2021). Годишен извештај за криминалот од омраза во 2020 година. Скопје: Хелсиншки комитет за човекови права.

[54] ЦРПМ (2020). Passage4Prevent: Употреба на едукација за спречување младинска онлајн радикализација.

# 4. Визија и појдовни принципи на Националната стратегија за млади 2023-2027

## 4.1. Визија

Младите се носители на позитивните промени и клучот за одржливост и развој на општеството. Тие ги остваруваат своите потреби и права на начин што им овозможува да го достигнат својот целосен човечки потенцијал.

## 4.2. Принципи

**Секој млад човек е важен.** Раното откривање на поединечните потреби и обезбедување на навремена и соодветна поддршка на секој млад човек е пред сè етичка обврска на државата, но и економски најисплатлива инвестиција. Индивидуалните таленти, интереси и креативноста на младите мора постојано да се поттикнуваат, вклучувајќи ја тука и грижата за нивното ментално и физичко здравје. Меѓу другото, ова подразбира и да се создадат можности за младите да преземат контрола врз своите животи и активно да придонесат за позитивни промени во општеството. Поаѓајќи од ова, стратегијата препознава дека инвестирањето во секој млад човек е неопходно и води кон доживотни и меѓугенерациски придобивки.

**Младите имаат специфични потреби.** Во општество кое старее и каде бројот на млади постојано се намалува (од 24% во 2002 година на 18% во 2021 година), клучно е младите да бидат препознаени како категорија на граѓани со специфични потреби и карактеристики, чиишто развој на вештини и знаења подразбира таргетиран пристап. Собирањето на релевантни, навремени и контекстуализирани податоци за состојбата на младите е од големо значење за поттикнување на разбирањето на потребите на различните групи млади луѓе и начините кои тие се менуваат, особено на оние млади со помалку можности. Оваа стратегија има за цел да го зајакне креирање на политики за млади засновани на докази, препознавајќи дека младинските прашања постојано се менуваат, во зависност од трендовите и потребите.

**Сите млади се различни.** Препознавањето на различноста е основа за гарантирање на човековите права на младите. Ова стојалиште подразбира дека младите може да имаат различни потреби во различни контексти и дека дел нив се соочуваат со посебни предизвици во пристапот до образование, вработување, здравство, и други сегменти од јавниот живот. Тргнувајќи од тоа дека младите луѓе не се хомогена група, во идентификување на различните предизвици, потреби и решенија за млади, мора да се има предвид дека нивното место на живеење, социо-економскиот статус, пристапот до формално образование, присуството на попреченост, полот, сексуалната ориентација, припадноста на етнички, верски, културни или јазични групи имаат важно и често пати интерсекционално влијание врз положбата која тие ја имаат во општеството. Стратегијата има за цел да ги препознае различностите и да овозможи слоевито решавање на младинските проблеми, како и да промовира активности и политики кои се инклузивни за сите млади луѓе, особено за младите со помалку можности и оние чии гласови може да се занемарат, осигурувајќи се дека никој нема да биде заборавен.

**Младите се рамноправни партнери во создавањето и имплементација на младински политики, а не само нивни корисници**. Основна карактеристика на овој пристап е промената во размислување од „правење политики за млади“ во „креирање на политики заедно со младите“. Ова подразбира и отфрлање на застарените гледишта кои на младите гледаат како на пасивна категорија граѓани која и недостасува знаење поради возраста. Стратегијата ја препознава одговорноста да се оспори ваквото мислење и цели кон елиминирање на овие предрасуди и сите форми на дискриминација, со поглед на младите како катализатори на промени и клучот на одржливоста и развојот на државата. НСМ го потенцира правото на младите да учествуваат во развојот, спроведувањето и следењето на политиките што ги засегаат и ги пропознава промените што ги предизвикува дигиталната комуникација кои креираат нови форми на демократско и граѓанско учество.

**Младите имаат право да бидат вклучени и во донесувањето на политики кои не ги засегаат директно**. Политиките кои се стремат да го подобрат животот на младите никогаш не може да се ограничат само на полето млади. Оттука и потребата младите да бидат вклучени во решавање на хоризонтални прашања поврзани со родовата еднаквост, борбата против дискриминацијата, социјалната инклузија, дигитализацијата, и останати теми кои го засегаат општеството. Без разлика на форматот на вклученост, комуникацијата со младите мора да се заснова на принципот на почит и рамноправност. Во рамки на процесите на одлучување, слободната волја, правото на избор и учеството на младите се клучни. Оваа стратегијата се заложува за елиминирање на токенизмот и вклучувањето на младите како „декор“ во процесите на донесување одлуки.

**Вреднувањето на положбата и улогата на младите во општеството е и меѓународен приоритет**. Европската Унија постојано ги повикува земјите-членки да развијат координирани младински политики, нагласувајќи ја и важноста да се има младински стратегии, а Обединетите нации и Советот на Европа застапуваат сродни позиции по ова прашање.[55] [56] Впрочем, развојот на сеопфатни младински стратегии е широко распространета практика за обликување на визијата за младите и развојот на младински политики.[57]

[55] Обединети нации (2018). Млади 2030: Работа со и за младите луѓе.

[56] Совет на Европа (2020). Стратегија за младинскиот сектор 2030: Ангажирање на младите со вредностите на Советот на Европа.

[57] Достапните податоци покажуваат дека 77% од земјите на ОЕЦД имаат изготвено повеќегодишна стратегија за млади на национално или федерално ниво во минатото. Види: ОЕЦД (2018). Младински пописен извештај. Ангажирање и зајакнување на младите во земјите на ОЕЦД – Како да се премости „јазот во владеењето“.

## 5. Стратешка рамка и приоритетни области

### 5. 1. Младинско учество



*Младинското учество претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите. Потребата од вградување на младинската перспектива во процесите на креирање и донесување на политики е од фундаментално значење за зајакнување на демократијата, поттикнување на активното граѓанство и градење на инклузивно општество. Иако Законот за младинско учество и младински политики дава можности и насоки за широко и систематско вклучување на младите, сепак младите сѐ уште се соочуваат со низа предизвици за активно вклучување во општествените процеси. Според тоа, приоритетната област „Младинско учество" е насочена кон подобрување на квалитетот на младинското учество во сите сфери на општеството, како и јакнење на улогата на младинскиот сектор, стремејќи се кон препознавање на младите како рамноправен партнер на институциите при креирање на политики во области кои се од нивен интерес, со широка примена на можностите кои ги нуди дигиталниот простор.*

**Посебна цел 1: Зајакнато влијание на младите во сите процеси на донесување одлуки на локално и национално ниво врз основа на соодветна правна рамка**

1. Обезбедување на доследно, ефективно и ефикасно спроведување на Законот за младинско учество и младински политики, зајакнувајќи го надзорот врз неговата примена.
2. Континуирана анализа на примената и ефектите од постоечката правна рамка која го регулира младинското учество на локално и национално ниво.
3. Адаптација на постоечките и донесување на нови правни акти (законски и подзаконски) со кои ќе се доуреди младинското учество на локално и национално ниво во широка консултација со младите, вклучувајќи и соодветни контролни механизми кои ќе обезбедат ефективна примена.
4. Воспоставување на функционални механизми за системско вклучување на младите и младински организации во сите процеси на планирање и креирање политики кои се во интерес на младите, вклучувајќи ги консултативните процеси за преговори со Европската Унија.
5. Зајакнување на капацитетите на институциите на локално и национално ниво за примена на модели за младинско учество, со фокус на службениците за млади, како и воспоставување на редовна меѓуинституционална координација и ефективна комуникација со млади.
6. Подигнување на свеста на членовите на Советите на единиците на локалната самоуправа како и пратениците во Собранието на РСМ за потребата од суштинска примена на младинското учество во процесите на одлучување и креирање политики, вклучувајќи ги и политиките за намалување на негативните ефекти од кризни состојби.

7. Јакнење на капацитетите на општините и Градот Скопје за развој и имплементација на локални стратегии за млади како и за поддршка на локални младински совети.
8. Континуирано јакнење на капацитетите на локалните младински совети и обезбедување поддршка за нивно застапување, воведување на иновативни практики и меѓусебно вмрежување.
9. Унапредување на правната рамка за волонтирање и обезбедување на валидација на волонтерството.
10. Континуирано зголемување на ресурсите и капацитетите на Агенцијата за млади и спорт за планирање и спроведување на младински програми и истражувачки активности, со фокус на јакнење на Секторот млади.
11. Поголема вклученост на младите во процесите на урбано планирање и дизајнирање на јавните простори како и обезбедување на можности за нивно користење.
12. Поголема застапеност на млади кандидати на листите на политичките партии на парламентарните и локалните избори и зголемена видливост и поддршка на младите кандидати за време на изборните кампањи, но и по нивното стапување на функција.
13. Унапредување на процесите на донесување и примена на младинските политики во работата на Собранието на РСМ, преку воведување на посебна Комисија за млади.
14. Поголема вклученост на младите и младински организации во процесите за борба против корупција и унапредување на владеењето на правото.
15. Подигање на јавната свест кај младите за постоењето на службеник за млади во локалните и националните институции, како и можностите за нивно меѓусебно поврзување во насока на поголема вклученост во процесите на донесување одлуки и креирање политики.
16. Зајакнување на институционалниот фокус кон младите преку воведување на Министерство за млади врз основа на функционална анализа и адекватна реорганизација на државната управа.

**Посебна цел 2: Зголемено учество на младите во процесите на донесување одлуки во рамки на образовните установи во насока на развивање и примена на модерни и напредни образовни политики по мерка на младите**

1. Гарантирање и унапредување на средношколското и студентското учество во законската рамка која го регулира средното и високото образование, вклучувајќи редовно следење и корективни мерки.
2. Обезбедување на соодветна финансиска поддршка од училиштата и високо образовните установи за непречено функционирање на претставничките ученички и студентски тела, нивните активности, како и другите форми на делување на младите во рамки на образовните институции.
3. Континуирана едукација и информирање на младите за важноста и придобивките од младинското учество во образовниот процес.

4. Континуирано јакнење на компетенциите на членовите на младинските претставничките тела во средните училишта и високо образовните установи за ефективно влијание во процесите на одлучување.
5. Унапредување на содржините за младинско учество во рамките на концептот на граѓанско образование, креирање содржини за политичко образование кои ги подготвуваат младите за активно демократско учество и поттикнување на активности кои ги запознаваат младите со институциите, нивната работа и улога.
6. Унапредување на наставните содржини и материјали кон поттикнување на демократска реторика, отворени сфаќања и критички однос кон авторитетите и институциите.
7. Континуирано јакнење на компетенциите на наставниот кадар и членовите на органите на управување во средните училишта и високо образовните установи за поддршка на младинското организирање и учество на младите во процесите на одлучување.
8. Обезбедување на суштинска и рамноправна вклученост на младите во телата и активностите во училиштата и високо образовните установи, особено на младите со помалку можности.
9. Давање поддршка за активна систематска вклученост на младите во планирањето, креирањето и реализирањето на наставните програми и воннаставните активности во рамките на училиштата и високо образовните установи, поттикнувајќи меѓуетничка соработка и кохезија.
10. Препознавање и поттикнување на младински активизам во образовниот процес како можност за лично надоградување и соодветен професионален развој.
11. Воведување на моделот на ученички правобранител во средните училишта како механизам за заштита и унапредување на правата на младите во образовниот процес

**Посебна цел 3: Подобрена вклученост и влијание на младите луѓе врз развивањето и спроведувањето на политики за заштита на животната средина**

1. Воспоставување системски механизми за учество на младите во процесите на донесување одлуки поврзани со зелени политики на локално и национално ниво.
2. Континуирана примена на програми и механизми за иницирање и спроведување зелени акции на локално и национално ниво од страна на индивидуални млади, формални и неформални младински групи и здруженија.
3. Развивање и спроведување на кампањи за информирање и поттикнување на младите за учество при креирање на зелени политики.
4. Зајакнување на содржината за заштита на животната средина во наставните програми во основното, средното и високо образование, поттикнувајќи зелен младински активизам.
5. Поттикнување на волонтерски активности за заштита на животната средина, вклучувајќи вреднување на волонтерскиот ангажман.

6. Подобрување на вклученоста на младите од руралните средини во зелени иницијативи со поддршка на граѓанскиот сектор.

**Посебна цел 4: Зајакнат младински активизам во рамки на дигиталниот простор**

1. Обезбедување на пристап до дигитални алатки за младинско учество и подобрување на инфраструктура за информатичка технологија во јавните простори, вклучувајќи асистивна технологија за млади лица со попреченост и едукација за нивна примена.
2. Унапредување на дигиталната писменост (вештини за информатичка технологија и примена на дигитални алатки) на службениците во локалните и националните институции, со фокус на службеници за млади, за поддршка на дигитално младинско учество и дигитална комуникација со млади.
3. Промоција и унапредување на постоечки функционални дигитални алатки за младинско учество и поттикнување на младите за нивна примена, вклучувајќи и практика на редовна повратна информација, користејќи ги придобивките на вештачката интелигенција.

**Посебна цел 5: Зајакнати и одржливи капацитети на младинскиот сектор како партнер на институциите при креирањето политики кон подобар квалитет на живот на младите**

1. Континуирана анализа на постоечките локални и национални програми и фондови во насока на нивно приспособување на актуелните потреби за одржливост и развој на формите на младинско организирање.
2. Воспоставување одржлив систем на буџетско (годишно) финансирање на активности поврзани со млади согласно Законот за младинско учество и младински политики, обезбедувајќи подеднаква регионална покриеност и зголемен фокус на младите во руралните области.
3. Поттикнување на системско вмрежување и структурна соработка помеѓу формите на младинско организирање, младите и носителите на одлуки, на национално, билатерално и меѓународно ниво (особено земјите во Европската Унија), во рамки на структурен младински дијалог (младински лаборатории).
4. Обезбедување на афирмативни мерки за поддршка на форми на младинско организирање од руралните средини како и организации кои што работат со млади со помалку можности.
5. Континуирано јакнење на капацитетите на младинските организации за подобрување на својата самоодржливост како и поттикнување на формирање на нови младински организации и нивна поддршка, со фокус на помалку развиените региони и области кои таргетираат младите со помалку можности.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#1. Поврзување на ЕУ со младите, #9. Простор и учество за сите, #10. Одржлива зелена Европа и #11. Младински организации и европски програми.

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| Индикатор | Референтно ниво | Преодна вредност (2025) | Краен таргет 2027 | Извор на индикатор |
|---|---|---|---|---|
| **Број на општини кои имаат воспоставено функционални локални младински совети (ЛМС) согласно со Законот за младинско учество и младински политики** | 15 (Декември 2022) | 35 | 60 | АМС |
| **% на застапеност на кандидати на возраст од 18 до 29 години од сите кандидати за:<br>а) парламентарни избори (кандидати за пратеници)<br>б) локални избори (кандидати за градоначалници и советници)** | а) 19.17% (Парламентарни Избори, 2020 година)<br><br>б.1) 3% млади кандидати за градоначалници;<br><br>б.2) 26.4% млади кандидати за советници (Локални избори, 2021 година) | а) 22%<br><br>б.1) 6%<br><br>б.2) Задржување на реферетното ниво. | а) 25%<br><br>б.1) 10%<br><br>б.2) Задржување на реферетното ниво. | а) Референтните податоци се преземени од студијата Младинско политичко отсуство.<br>б) Референтните податоци се преземени од студијата Одложено младинско учество. |
| **% на млади (16-29) кои користат интернет за да комуницираат со јавните власти** | 37.5% (2021) | 42% | 47.5% | Евростат |
| **% на млади (15-29) кои сметаат дека младите луѓе се соодветно вклучени во процесите на донесување одлуки** | 22.5% (2022) | 27% | 32% | Истражување на младинските трендови 2022, спроведено од АМС |

## 5.2. Младинско информирање



*Правото на информирање е уставно загарантирано, а под младинското информирање се подразбира систем за давање услуги со специјализирани сервисни информации кои се од интерес на младите. Слободниот и транспарентен пристап до квалитетни, вистинити и навремени информации влијае врз одлуките на младите и дали тие ќе дадат активен придонес во заедницата. Меѓутоа, медиумите честопати нецелосно и несоодветно ги пласираат информациите, што ја доведува во прашање веродостојноста на информациите. Дополнително, младите немаат доволно можности да влијаат врз медиумските содржини и да учествуваат во нивното создавање. Во поголемиот дел од медиумскиот простор воопшто нема младински програми или секции, а настаните организирани од младите добиваат сè помал простор во медиумите. Токму затоа, приоритетната област „Младинско информирање" се фокусира на креирање и споделување квалитетни и сеопфатни содржини за млади, на јазик којшто е разбирлив и прилагоден на младите, како и континуирано градење на вештини за медиумска и дигитална писменост.*

**Посебна цел 1: Зголемена свест на медиумите за младинско информирање и поттикнати и поддржани млади за учество во веќе постоечки медиумски содржини и креирање на нови**

1. Поттикнување дијалог помеѓу медиумите, младите и формите на младинско организирање.
2. Овозможување поголема застапеност на младите во медиумскиот простор и давање можност на младите да се искажат за младински прашања и за други општествено-политички теми од нивен интерес кои не се експлицитно младински.
3. Зголемување на видливоста и медиумска афирмација на младите со помалку можности.
4. Зголемување на свеста и градење на капацитети на јавниот радиодифузен сервис за афирмација на младинските прашања.
5. Зајакнување на капацитетите на новинарите и младите медиумските работници за вклучување и креирање на медиумски содржини за млади на јазиците на помалите етнички заедници.

**Посебна цел 2: Млади оспособени со знаења и вештини за медиумска и дигитална писменост кои препознаваат дезинформации и ги артикулираат сопствените интереси и ставови како активни граѓани во општеството со развиена критичка свест**

1. Синхронизација на законодавството, стратегиите и плановите во образовниот систем за развој на медиумската и дигиталната писменост согласно со европските стандарди и политики во ова поле.
2. Зголемување на јавната свест за препознавање на дезинформации, подобрување на медиумската писменост и зајакнување на критичкото мислење кај младите.

3. Воспоставување на механизми за финансиска поддршка на проекти во партнерство со формите на младинско организирање поврзани со медиумска и дигитална писменост за препознавање на дезинформации.
4. Поддржување на програми за професионален развој и доедукација на наставниот кадар за примена на наставни содржини поврзани со медиумската и дигиталната писменост.
5. Институционална поддршка на програми за неформално образование и обуки за медиумска и дигитална писменост.
6. Мултиплицирање и афирмација на добри практики од постоечки проекти спроведувани од формите на младинско организирање и други професионални здруженија, со фокус на медиумска писменост.

**Посебна цел 3: Обезбеден пристап до национална информативна платформа која е препознаена од младите и призната од институциите**

1. Обезбедување финансиска поддршка од институциите за воспоставување и функционирање на националната информативна платформа како простор каде ќе се споделуваат информации од институциите и формите на младинско организирање.
2. Поврзување на националната информативна платформа со мобилна апликација и социјални мрежи.
3. Надоградување, континуирано ажурирање и оптимизирање на постоечки веб страници, профили на социјални мрежи и други канали за информирање коишто ги користат институциите и нивно поврзување со националната информативна платформа.
4. Градење на капацитети на службеници за млади за креирање на информативни содржини за објавување на националната информативна платформа поврзани со нивната работата, можностите и новостите за млади од институцијата.
5. Поттикнување и поддржување изработка на информативни содржини за млади на националната информативна платформа кои ќе бидат компатибилни и достапни за млади лица со попреченост.

**Посебна цел 4: Подобрена комуникација помеѓу младите и надлежните институциите на локално и централно ниво со цел унапредување на младинското информирање**

1. Унапредување на меѓуинституционалната координација и соработка за размена на информации.
2. Зајакнување на позицијата на службениците за млади како мост за комуникација помеѓу младите и институциите.

3. Поттикнување на континуирано вмрежување и соработка помеѓу младите, формите на младинско организирање, сервисите за млади, граѓанскиот сектор, медиумите, јавниот сервис, еснафските новинарски и медиумски организации, надлежните институциите и други чинители.
4. Зголемување на довербата помеѓу младите и институциите на локално и национално ниво.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#1. Поврзување на ЕУ со младите, #3. Инклузивни општества, #4. Информации и конструктивен дијалог и #11. Младински организации и европски програми

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| **Индикатор** | **Референтно ниво** | **Преодна вредност (2025)** | **Краен таргет 2027** | **Извор на индикатор** |
|---|---|---|---|---|
| **% на млади (16-29) со основни или над основни дигитални вештини** | 58.2% (2021) | 63% | 68% | Евростат |
| **Вкупен број на посетители на националната информативна платформа.** | Не постои таква платформа во моментов | Платформата е функционална и бележи 20,000 посети на годишно ниво | 60,000 посетители во последната година од имплементација на стратегијата (2027) | Статистика за посетеност на самата платформа |
| **Средна оценка која младите (15-29) ја даваат за квалитетот на информациите кои се наменети за младите во медиумите** | Средна оценка од 2.6 на скала од 1 до 5 (2022) | Средна оценка од 2.9 на скала од 1 до 5 | Средна оценка од 3.3 на скала од 1 до 5 | Референтното ниво произлегува од Истражувањето на младинските трендови 2022, спроведено од АМС |

## 5.3. Младинска работа



*Младинската работа претставува организиран и систематски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на заедницата. Младинската работа игра централна улога во обезбедување на младите со можности да стекнат знаења, вештини и ставови кои им се потребни да бидат активни граѓани во општеството. И покрај тоа што младинската работа добива засилено признавање и препознавање во изминатите неколку години, поголем дел од институциите, младите и другите чинители во општеството се уште не се доволно запознаени со значењето, важноста и можностите кои ги нуди младинската работа, а младинската работа не е целосно воспоставена како професија. Оттука, приоритетната област „Младинска работа" ја акцентира потребата од зголемена достапност на одржлива и квалитетна понуда на младинска работа спроведувана од страна на професионални младински работници, во рамки на формално препознаен систем за младинска работа.*

**Посебна цел 1**: **Младинската работа е формално, политички и општествено признаена и препознаена како клучен пристап за поддршка на автентичниот развој на младите**

1. Регулирање на младинската работа и начинот на нејзиното спроведување преку донесување соодветни законски и подзаконски акти и ревидирање на постоечките.
2. Зголемување на видливоста на младинската работа и спроведување на активности за широка општествена промоција на младинската работа, неформалната едукација, волонтирањето, младинските центри и понудувачите на младинска работа, на локално и национално ниво.
3. Воспоставување на унифициран сертификат за препознавање и вреднување на компетенциите стекнати преку неформална едукација, кои не се верификувани од Центар за образование на возрасните.
4. Зголемување на соработката на локално ниво помеѓу младинските центри, граѓанските организации, образовните установи, спортските клубови, единиците на локална самоуправа, бизнис заедницата и другите релевантни чинители во полето на младинска работа.
5. Препознавање на чадор организација на младински работници и понудувачи на младинска работа како претставничко тело што ќе биде вклучено во креирање и спроведување на политики и мерки за младинска работа.
6. Запознавање и едукација на образовните кадри и останати професионалци од сродните професии кои работат со млади (педагози, психолози, социјални работници, наставници, спортски работници, службеници за млади и сл.) за значењето, потенцијалната примена и методологијата на младинската работа и неформалната едукација во поддршката на автентичниот развој на младите.
7. Стимулирање на документирање, анализа, следење и промоција на позитивни резултати, остварувања и успешни примери од имплементација на младинска работа.

**Посебна цел 2: Воспоставен функционален систем за гарантирање на одржлива и квалитетна младинска работа**

1. Формирање на национален меѓусекторски совет одговорен за обезбедување квалитетна и ефективна поддршка и развој на младинската работа, кој ќе работи врз основа на национален стратешки документ со насоки, приоритети и активности за долгорочен развој на младинската работа.
2. Следење, проценка и поддршка на спроведувањето на Законот за младинско учество и младински политики и другите политики во обласда на младинската работа.
3. Подготовка и усвојување на национални стандарди за квалитет на младинската работа.
4. Воспоставување на база на експерти за следење, проценување, вреднување и унапредување на квалитетот на младинска работа во младинските центри и во програмите за младинска работа врз основа на усвоените стандарди за квалитет.
5. Воспоставување на национален систем за доделување на „Ознака за квалитет" како потврда за исполнетост на усвоените стандарди за квалитет на младинските центри и програмите за младинска работа.

**Посебна цел 3: Зголемена достапност, атрактивност и информираност на програми на младинската работа што одговараат на општествените трендови и на тековните потреби и предизвици на младите, особено за младите со помалку можности.**

1. Стимулирање на размена на добри практики и пристапи во младинската работа на национално, регионално и меѓународно ниво.
2. Обезбедување на средства од Буџетот РСМ, единиците на локалната самоуправа и од други извори како долгорочна поддршка на понудувачите на младинска работа и зајакнување на достапноста на програми за младинска работа.
3. Обезбедување финансиска поддршка за основање и програмски активности за младинските центри во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.
4. Зајакнување на истражувањата на потребите на младите и општествените трендови преку спроведување на анализи на локално и национално ниво.
5. Спроведување на активности за поддршка на развојот на програми на младинска работа што ќе бидат насочени на родова еднаквост, справување со последиците од КОВИД-19 пандемијата, дигитализација, човекови права, заштита на животната средина и други приоритетни прашања во согласност со потребите на младите и тековните општествени трендови.
6. Зголемување на пристапот и зајакнување на можностите на младите со помалку можности (како лицата со попреченост и младите од руралните области) за учество во активности на младинските центри и другите понудувачи на младинска работа, и подобрување на капацитетите на организациите и младинските работници да работат со овие групи.
7. Креирање механизми за поддршка на развојот на програми со иновативни и дигитални пристапи во младинската работа.

8. Развој, унапредување и промоција на едукативни материјали и други ресурси, како и програми за неформална едукација за градење на капацитетите на младинските работници.

**Посебна цел 4: Професијата младински работник е препознаена, развиена и унапредена**

1. Утврдување и усвојување на минимум компетенции за младински работници.
2. Обезбедување можности за формално образование и неформална едукација за младински работници врз основа на компетенциите од националното портфолио.
3. Поддршка на процесот на валидација на претходно стекнати знаење и искуство во полето на младинската работа.
4. Креирање на студиски програми за младинска работа во соработка со високо образовните институции.
5. Зголемување на заинтересираноста за вклучување во програми за младинска работа во формално и неформално образование преку обезбедување стипендии и друга финансиска поддршка.
6. Отворање на работни места за младински работници во сите релевантни институции на централно и локално ниво и обезбедување соодветна плата еднаква на висината на професионалците од сродните професии кои работат со млади.
7. Препознавање на младинскиот работник преку креирање на  база на податоци на младински работници и воведување признание „Младински работник на годината" врз основа на усвоена листа на критериуми.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#2. Родова еднаквост, #3. Инклузивни општества, #6. Унапредување на состојбата на младите од руралните области, #9. Простор и учество за сите и #11. Младински организации и европски програми.

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| **Индикатор** | **Референтно ниво** | **Преодна вредност (2025)** | **Краен таргет 2027** | **Извор на индикатор** |
|---|---|---|---|---|
| **Број на младински центри основани во согласност со Законот за младинско учество и младински политики во рамки на општините** | 6 (2022) | 22 | 42 | Пресметан за потребите на стратегијата |
| **Број на младински работници со** | 24 | 85 | 170 | Пресметано за потребите на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **стекнати компетенции преку завршување на програма за образование на возрасните или магистерски студии, или препознаени компетенции преку систем за валидација** | | | | стратегијата врз база на податоци од релеванти извори кои ги нудат овие компетенции |

**5.4. Образование**



*Образованието претставува најструктуриран и најсистематизиран начин на влијание врз животот на децата и младите преку кој тие усвојуваат знаења, градат ставови и стекнуваат вештини. Тоа игра витална улога во развојот на просперитетно општество и обезбедува основа за личен раст и успех кај младите. Покрај личните придобивки, образованието исто така игра клучна улога во промовирањето на социјалната кохезија и намалувањето на нееднаквоста, а со тоа и отвара можности да се промовира социјалната мобилност. Во РСМ, квалитетот на образованието е тема на тековно подобрување и реформи во последните години. Додека земјата постигна значителен напредок во проширувањето на пристапот до образованието, квалитетот на образованието останува предизвик, а факторите како што се неефикасното финансирање, недостатокот на поддршка за наставници и застарените наставни програми придонесуваат кон потребата од подобрување. Токму поради тоа, приоритетната област „Образование“ става фокус на модернизирање на образовниот систем по мерка на младите, вклучувајќи подигнување на квалитетот на образованието и подготвеноста на младите за пазарот на трудот, подобрување на инфраструктурата, ревидирање на наставните програми и поддршката за наставниците, како и зголемување на соработката и мобилноста на младите во рамки на образовниот процес.*

**Посебна цел 1: Младите добиваат еднаков пристап до квалитетно образование, кое ги оспособува за подобро функционирање во современото општество**

1. Зголемување на пристапот до образование за младите, особено за младите со помалку можности, почитувајќи ги одредбите и правата кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори.

2. Креирање на механизми за редовно следење на успехот на учениците на национално ниво и овозможување поддршка на учениците и студентите кои се соочуваат со потешкотии во учењето, особено во контекст на надоместување на загубите во учење предизвикани од КОВИД-19 пандемијата.

3. Осовременување на наставните планови и програми во средното образование и ревидирање на учебниците.

4. Ревидирање на студиските програми за наставници и зголемување на фондот за практична настава во наставничките факултети.

5. Континуиран професионален развој на воспитно образовниот кадар во насока на зајакнување на нивните компетенции, вкучително и дигиталните компетенции.

6. Обезбедување на механизми преку кои младите ќе може да го искажат и оценат своето (не)задоволство со наставата, наставниот кадар и средината за учење, како и други аспекти кои влијаат на нивното задоволство (вклучувајќи го и менталното здравје).

7. Поттикнување на академскиот интегритет во рамки на образовните институции

8. Зголемено користење на ИКТ во наставата, како и креирање и надградба на дигиталните платформи за собирање на наставни материјали/учебници/видеа од часови односно наставни содржини во училиштата и високо образовните установи.

9. Дигитализирање на административните услуги во образованиот процес за средношколците и студентите.

**Посебна цел 2: Подобрена е инфраструктурата за образување на младите , и креирани се подобри услови за постигнување на нивните потенцијали**

1. Проценување  на состојбата и потребите на училиштата/високо образовните установи и капацитетите за сместување (студентски домови и интернати) од аспект на просторни услови и потребни ресурси за работа.

2. Зголемување на буџетот на МОН за инфраструктурни проекти, со посебен акцент на руралните средини и лицата со посебни потреби.

3. Осовременување и подобрување на инфраструктурата во образовните објекти, вклучувајќи го и подобрувањето на енергетската ефикасност и дигиталната инфраструктура.

4. Користење на инфраструктурата во средните училиште за организирање на вонnаставни активности од интерес на учениците/младите.

5. Оптимизација на училишната мрежа во средното образование за подобро искористување на расположливите ресурси, постигнување на поголема ефикасност и повисок квалитет на воспитно–образовниот процес.

6. Зајакнување на јавно-приватни партнерства за подобрување на образовната инфраструктура.

7. Обучување  на менаџментот и техничкиот персонал на училиштата за ефикасно управување со објектите и подобрување на состојбата со хигиената.

8. Подобрување на пристапноста на образовните објекти за младите лица со попреченост и обезбедување на соодветно адаптирани образовни материјали за непречено следење на наставата, како учебници, лектири и други наставни содржини и наставни помагала.

**Посебна цел 3: Во рамки на образовниот процес младите стекнуваат знаења и вештини кои ги прават компетентни на пазарот на трудот и добиваат континуирана поддршка во процесот на избор на професија согласно нивните лични афинитети**

1. Овозможување на кариерно насочување и советување за младите во сите нивоа на образование (основно, средно и високо).

2. Овозможување на системска поддршка за зајакнување на компетенциите на NEET младите и поддршка за нивно враќање во образовниот систем.

3. Подобрување на врските помеѓу училиштата, бизнисите, граѓанските организации и високо образовните установи и воведување на одржливи механизми за заеднички креирање и ревидирање на наставните и студиските програми и нивно изведување.

4. Зголемување на капитални инвестиции во средното стручно образование пред се во занимањата кои се барани на пазарот на трудот.

5. Зајакнување на улогата на Регионалните центри за стручно образование и обука.

6. Зголемување на обемот на практично образование и учење преку работа во средните стручни училишта.

7. Развој и имплементација на стандарди за следење, оценка и сертифицирање на практичното образование кај работодавачи во рамки на средното и високото образование.

8. Јакнење на капацитетите на наставниците и професорите за поттикнување на претприемачкиот дух кај младите и нивно подобро информирање за иновативните и модерните текови на работењето во компаниите.

9. Обезбедување на младите со можности за стекнување на претприемачки вештини во рамки на образованиот процес.

**Посебна цел 4: Младите се вмрежени, соработуваат, учат и споделуваат искуства со млади од други образовни институции, во и надвор од земјата**

1. Градење на капацитетите на наставниот кадар за мобилизирање на средства и проектен менаџмент.

2. Подготовка на стратешка рамка за интернационализација на образованието.

3. Промовирање на можности и поддршка за меѓународна мобилност (дојдовна и појдовна) на студентите во рамки на училиштата и високо образовните установи.

4. Интернационализација на курикулумот, проширување на бројот на студиски програми на високо образовните установи кои се изведуваат на странски јазик и зајакнување на вмрежувањето со странски универзитети во изведувањето на заеднички програми (joint degrees).

5. Подобрување на образовното вмрежување преку искористување на можностите што ги нуди дигитализацијата.

6. Олеснување на процесот на признавање на кредити и дипломи за студенти од државата кои студираат во странство и странски студенти кои студираат во државата.

**Посебна цел 5: Младите се образуваат во духот на толеранцијата, почитувањето и прифаќањето на различностите**

1. Поттикнување на инклузивноста на образовните установи.

2. Воведување сеопфатно сексуално образование како изборен предмет во основното образование.

3. Градење на култура на соживот и толеранција преку креирање можности за младите со различна културна позадина да учат едни со/за други.

4. Младите се образуваат во духот на негување на европските вредности, спречување на говор на омраза, расизам, антисемитизам, негирање на холокаустот и глорификација на авторитарни идеологии (и режими).

5. Зајакнување на соработката меѓу училишта на локално и регионално ниво во рамки на училишни размени/организирање на заеднички активности.

6. Подобрување на содржините на учебниците од аспект на почитувањето на различностите и промовирање на толеранцијата.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#8. Квалитетно учење

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| **Индикатор** | **Референтно ниво** | **Преодна вредност (2025)** | **Краен таргет 2027** | **Извор на индикатор** |
|---|---|---|---|---|
| **% на 15-29 годишници кои не се вклучени во образование,** | 24.3% (2021) | 22% | 20% | Државен завод за статистика |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **вработување или обука (NEET-млади)** | | | | |
| **% на млади луѓе кои имаат минимум компетенции во:<br>а) математика<br>б) читање<br>в) наука<br>во средно образование** | а) 39% (2018)<br>б) 45% (2018)<br>в) 50% (2018) | а) 49%<br>б) 55%<br>в) 60% | а) 49%<br>б) 55%<br>в) 60% | Студија ПИСА, ОЕЦД<br><br>За времетраењето на стратегијата ПИСА тестирањето ќе се спроведе во 2025-та година |
| **% на студенти од странство запишани во високо образование во Република Северна Македонија** | 0.2% (2020) | 1.5% | 3% | Евростат |

### 5.5. Култура



*Културата игра важна улога во развојот на младите во еманципирани, задоволни, самоуверени и социјално ангажирани граѓани. Затоа, пристапот и учеството на младите во културата е од клучно значење, заедно со нивната способност за креативно размислување и образование преку уметност и културни практики. Состојбите во културата кај нас укажуваат на потребата од зголемување на просторот и можностите за културно изразување на младите, поголема вклученост во креирањето на културни политики и подобар пристап до културни содржини од интерес за младите. Поаѓајќи од ова, приоритетната област „Култура" се стреми кон задоволување на улогата на младите како креатори на културни содржини, како учесници во културни програми и како публика. Тоа подразбира и достапна инфраструктура како простор за работа, креација и следење на културни содржини, современо образование и можност за професионална работа во полето, како и поддршка на соработката помеѓу младите во домашен и меѓународен контекст, која ќе придонесе во градење на кохезивни заедници.*

**Посебна цел 1: Младите се вклучени во создавањето на културни политики и се дел од системот за финансирање на културата на национално и локално ниво**

1. Поттикнување на младите да учествуваат во создавање на интегративни и инклузивни културни политики на национално и локално ниво со вклучување на нивните интереси и потреби во полето на културата.
2. Унапредување на постојниот систем на финансирање на културата на национално ниво во насока на создавање еднакви можности за поддршка на културната продукција и соработка на млади

претставници на вонинституционалниот културен сектор и развој на нови механизми за финансиска поддршка на младинското културно творештво.

3. Воспоставување на механизми за финансирање на културната продукција и соработка на млади во локалните заедници.
4. Создавање на информациско-технички сервис за поддршка на младите и нивната работа во полето на културата во домашен и меѓународен контекст.

**Посебна цел 2: Младите имаат достапен простор за културна креација и слободно културно изразување и учествуваат во културното творештво на локално, национално и меѓународно ниво**

1. Мапирање на капацитетите на локалните културни институции и домови за култура кое ќе поддржи развој на системски решенија за нивно користење за културно и уметничко творештво и работа на младите.
2. Обезбедување на лесно достапна и слободна за користење културна инфраструктура од јавен карактер за културно и уметничко творештво на младите.
3. Развивање на програмски партнерства помеѓу младите и јавните културни институции во насока на заедничко планирање и имплементација на културни и уметнички програми од интерес за младите.
4. Поттикнување на општините во создавање на нов тип на културна инфраструктура за младите преку развој на ЈПП (јавно-приватни партнерства) со граѓански организации, асоцијации и сојузи на млади кои делуваат во полето на културата.
5. Зголемување на соработката и вмрежувањето на младите во полето на културата во домашен и меѓународен контекст.
6. Зајакнување на креативноста и иновативноста на младите и зголемување на интересот за култура и културно-уметничко творештво преку употреба на дигитални алатки/платформи.

**Посебна цел 3: Воспоставена кадровска политика која стимулира и поддржува нови вработувања на младите во полето на културата**

1. Информирање на младите за можностите за вработување во полето на културата со дефицитарни професии.
2. Воведување на квоти за запишување на високообразовни установи за студиски програми од област на уметност и култура согласно понудата на работни места во одделни дејности за намалување на диспаритетот и невработеноста кај млади уметници и културни работници.
3. Надградување на системот за обезбедување надоместоци на самостојните уметници од средства на републичкиот буџет кое ќе стимулира поголемо самовработување на млади, претставници на вонинституционалниот културен сектор и млади дипломирани уметници.

**Посебна цел 4: Младите следат современи образовни програми на домашните универзитети, вклучени се во системот на неформално образование и го развиваат својот креативен потенцијал преку програми за уметности и култура во средното образование**

1. Осовременување на студиските програми од областа на уметностите на високообразовните установи во земјата за стекнување современи и апликативни знаење кај младите, кои се во синхронизација со европските образовни процеси.
2. Воведување на задолжителна пракса на високообразовните установи во полето на уметностите за стекнување практични вештини и знаења и поголема спремност за работа кај младите.
3. Воведување на современи наставни и вон-наставни програми за поддршка на креативниот развој и уметничките практики во средните училишта кои ќе ја доближат културата до младите и ќе поттикнат интерес за нивно учество во култура.
4. Унапредување на неформалните образовни програми во јавните културните институции во насока на споделување на знаење и подигање на интерес кај младите за специфични културни дејности.
5. Развивање на механизми за валоризација и признавање на знаењето во рамки на формалниот образовен систем стекнато од студенти и ученици кои посетувале неформални образовни програми, развиени надвор од универзитетите и средните училишта.

**Посебна цел 5: Младите се информирани и заинтересирани за културата, учествуваат во нејзината креација и таа е достапна до сите без разлика на местото на живеење, полот, родот, социјалното потекло, религијата и други видови на припадност**

1. Подобрување на пристапот до културата и можностите за следење на културните настани од страна на младите.
2. Овозможување на културни содржини и програми за млади кои живеат во помалите градови и руралните средни.
3. Развој на интерес за учество и вклучување во културата на NEET младите преку овозможен и лесен пристап до културни содржини во местото на живеење или преку дигитални платформи.
4. Воспоставување на систем на поддршка во културата кој ќе овозможи продукција и дисеминација на нови интеркултурни содржини, како и адаптација на постоечки културни содржини за нивно следење од лица припадници на различни заедници и лица со попреченост.
5. Воспоставување на одржливи дигитални канали и алатки (веб сајт, онлајн радио, социјални медиуми) за информирање на младите во полето на културата, зголемување на интересот за младинската култура и нејзина поголема видливост и медиумска присутност.
6. Промовирање на културата како алатка за социјална интеграција и општествен активизам.

7. Поттикнување на развој на креативни и образовни програми во полето на културата и уметноста во рамки на претшколска возраст (градинки) и во основните училишта кои ќе поттикнат интерес за култура од најрана возраст и развој на културните потреби кај младите.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#1. Поврзување на ЕУ со младите, #2. Родова еднаквост, #3. Инклузивни општества, #6. Унапредување на состојбата на младите од руралните области, #7. Квалитетно вработување за сите, #8. Квалитетно учење, #9. Простор и учество за сите и #11. Младински организации и европски програми.

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| Индикатор | Референтно ниво | Преодна вредност (2025) | Краен таргет 2027 | Извор на индикатор |
|---|---|---|---|---|
| **% на 15-29 годишници кои учествуваат во културно-уметнички активности како организатори или учесници** | 33.7% (2022) | 38% | 43% | Референтното ниво произлегува од Истражување на младинските трендови 2022, спроведено од страна на Агенција за млади и спорт |
| **% на 15-29 годишници кои имаат пристап до културни содржини на локално ниво** | 15.3% (2022) | 20% | 25% | Референтното ниво произлегува од Истражување на младинските трендови 2022, спроведено од страна на Агенција за млади и спорт |

## 5.6. Здравје



*Светската здравствена организација (СЗО) го дефинира здравјето како „состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест и немоќ". Ваквиот холистички пристап на дефинирање на здравјето ја дава базата врз која што сите млади можат да работат на остварување на сопствениот потенцијал. Модерното живеење предизвикува низа на потешкотии за младите луѓе, од кои дел се поврзани со менталното здравје, зависностите од супстанции и одржувањето на здрави животни навики. Овие потешкотии покрај од здравствен аспект, се проткаени со предизвици во достапност на навремени здравствени услуги и заштита. Од таа причина, фокусот на приоритетната област „Здравје" подразбира современа здравствена*

*писменост и информираност на секој млад човек, со цел на развивање на соодветни алатки и достапност на услуги за ментално, физичко и сексуално здравје, во рамки на здрава животна средина. Овие пет аспекти на здравје ја рефлектираат целисходноста на дефиницијата на СЗО и овозможуваат на младите развивање во најдобрата верзија од себеси.*

**Посебна цел 1: Едуцирани и информирани млади на тема здравје**

1. Воведување на врсничка едукација во склоп на формалното образование за унапредување на здравствена култура и информираност.
2. Обезбедување на еднаков пристап до здравствени информации и здравствена заштита за сите млади, без разлика на етничка припадност, економска состојба, родов идентитет, сексуална ориентација , присуство на попреченост и место на живеење.
3. Институционална, медиумска и дигитална промоција на проверени и научно докажани информации поврзани со здравјето, прилагодени кон соодветната целна група и нивна достапност на каналите преку кои се информираат младите и активно сузбивање на дезинформации поврзани со здравјето што ги засега младите (фокус на вакцини, контрацепција, сексуално здравје, превенција од употреба на дроги и други психоактивни супстанции).
4. Зголемување на свесноста за безбедноста, достапноста, значајноста и користењето на вакцини и лекови кај младите.
5. Градење на капацитети за собирање и обработка на информации за научените лекции од пандемијата со КОВИД-19 што ќе помогнат во информирање и подготовка на младите за потенцијални следни здравствени пандемии.

**Посебна цел 2: Подобрена ментална благосостојба на младите**

1. Отворање нови и ревитализирање на постоечките Центри за ментално здравје во сите региони на територијата на РСМ и создавање можност за електронски консултации и советувања насочени кон зголемување на достапноста на услуги и намалување на времето на чекање за овие услуги за сите млади, особено млади од рурални средини, млади со попреченост и млади во ризик. ·
2. Отворање на советувалишта за психолошка помош во склоп на сите високо образовни установи, како и подобрување на пристапот до психолошка помош и советување во склоп на заедниците достапна за сите категории млади.
3. Креирање на мрежа за комуникација со надлежни органи за полесно препознавање и пријавување на семејно и врсничко насилство, превенција на користење психотропни супстанции, интернет зависност, рани знаци на бихејвиорални и ментални нарушување кај млади лица.

4. Дополнувања на законот за ментално здравје насочени кон превенција, едукација, и грижа за ментално здравје кај млади.
5. Воспоставување на механизми за пристапноста кон услугите за ментално здравје на лицата со попреченост и нивните семејства насочени кон психолошка поддршка и зголемување на степенот на нивна социјализација.
6. Зголемување и осовременување на опсегот на позитивна листа на регистрирани лекови за третирање на ментални состојби кои се медицинско оправдани за младите.
7. Обуки и зголемување на надлежноста на училишните психолози, наставници и работа со родители насочени кон брза и навремена превенција и индентификување на ментални состојби.
8. Активности за подобрување на добросостојбата на млади кои што работат насочени кон намалување на синдром на согорување на работното место, подобра интеграција во работната сила и пристап до услуги за ментално здравје на работното место.

**Посебна цел 3: Подобрен начин и квалитет на живот кај младите**

1. Воведување на едукација на тема исхрана и здрави навики предводена од стручни лица во склоп на средното образование  со можност за проширување кон врснички едукации.
2. Промоција на здрава храна и обезбедување на субвенции за здрав оброк во рамки на средните училишта и високо образовните установи.
3. Подобрување на капацитетите и условите за исхрана во рамки на училишните кантини во образовните институции, ученичките и студентските домови.
4. Иницијатива за обезбедување на простори за физичка активност и спортски активности кои што ќе бидат бесплатни за сите млади и пристапни за млади со попреченост.
5. Искоренување на лоши животни навики со промоција и поддршка на активен животен стил.
6. Превенција, едукација и подобрување на состојбата на младите со користењето на никотин и алкохол.
7. Воведување на кампањи за здравствена превенција од користење на наркотични средства, навремено и правилно лекување и рехабилитација за корисниците и едукација и тренинг за јакнење на млади лица за препознавање и помош на лица со зависности.
8. Подигнување свест кај младите, родителите и наставниот кадар за препознавање и превенција на бихејвиројални зависности (на пример: коцкање, интернет зависности, зависност од храна).

**Посебна цел 4: Здрави, свесни и сексуално слободни млади кои имаат  пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје**

1. Градење на капацитетите за зајакнување на достапноста на информации поврзани со сексуално и репродуктивно здравје во рамки на воншколските активности.
2. Подигнување на свесноста за слобода на сексуалност и сексуално здравје соодветно насочена кон сите млади, адаптирана за родителите и посебен тренинг на целиот наставен кадар со цел осовременување и прифаќање на сексуалното образование.
3. Подобрување на пристап на услуги за семејно планирање и модерни контрацептиви, со ставање на модерна контрацепција на позитивна листа на лекови и обуки на здравствени работници и соработници за придобивки од нивното користење.
4. Зајакнување на постоечките капацитети и подобрување на пристапот на услуги поврзани со сексуално и репродуктивно здравје (пр. тестирање за сексуално преносливи болести, ХИВ, контрацептивни средства, услуги за семејно планирање, едукација и промоција на ХПВ вакцинација кај девојчиња и момчиња), со особен акцент на младите со помалку можности.
5. Обезбедување на бесплатни менструални и санитарни продукти за млади од сите категории.
6. Подигнување на свеста за редовни превентивни прегледи за сексуално и репродуктивно здравје кај млади од сите категории.
7. Поттикнување на учеството на младите во процесите на планирање и носење одлуки во врска со едукација и имплементација на планови за сексуално и репродуктивно здравје, со посебен акцент на врсничката едукација.

**Посебна цел 5: Младите живеат и создаваат здрава животна средина**

1. Зголемување на свесноста на младите за еколошките проблеми.
2. Подобрување на постоечката и проширување на нова инфраструктура за активен транспорт (пешачење, велосипедизам и слично), и достапност на истата за лицата со попреченост.
3. Подобрување и проширување на инфраструктура за селектирање на отпад во сите училишта, високообразовни институции, младински центри и младински домови.
4. Зголемување на учество на млади од сите категории во носење одлуки и планирање на животната средина.
5. Поттикнување на истражувања и иновации и нивно преточување во еколошки решенија како можност за постигнување на здрави и еколошки одржливи заедници и животна средина.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#2. Родова еднаквост, #3. Инклузивни општества, #5. Ментално здравје и добросостојба, #8. Квалитетно учење, #9. Простор и учество за сите и #10. Одржлива зелена Европа.

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| Индикатор | Референтно ниво | Преодна вредност (2025) | Краен таргет 2027 | Извор на индикатор |
|---|---|---|---|---|
| **% на 15-29 годишници што се корисници на:<br>а) цигари<br>б) алкохол<br>в) дрога** | а) 20.4% (2022)<br>б) 58.2% (2022)<br>в) 10.4% (2022) | а) 17%<br>б) 55%<br>в) 7.5% | а) 15%<br>б) 53%<br>в) 5% | Референтното ниво произлегува од Истражување на младинските трендови 2022, спроведено од страна на Агенцијата за млади и спорт |

**5.7. Претприемништво и поддршка пред вработување**



*Претприемништво е процес на започнување, организирање и управување со нов деловен потфат со цел да се создаде вредност и да се направи профит, а подготовка за млади пред вработување е збир на активности и обуки со цел младите да се здобијат со вештини, знаења и искуства неопходни за вработување. Развојот на претприемништво и подготовка пред вработување преставуваат можности за економски раст и отворање работни места, како и можност младите да постигнат финансиска независност и да ги исполнат своите кариерни аспирации. Иако постои позитивен тренд на намалување на невработеноста кај младите лица се уште стапката на невработеност е голема, а стапката на вработеност е мала. Претприемништвото и подготовката пред вработувањето може да помогне да се реши невработеноста и да придонесе за подобрување на состојбата на економијата и пазарот на трудот преку обезбедување на вештини и ресурси неопходни за започнување и успех во сопствениот бизнис и вработувањето. Имплементацијата на стратешки цели и активности на приоритетната област „Претприемништвото и поддршка пред вработување" имаат за цел да ја поттикнат долгорочна финансиска стабилност и професионален раст на младите лица.*

**Посебна цел 1: Создадени поволни услови за поддршка и развој на претприемништво, иновации и креирањето на пристојни работни места за младите.**

1. Јакнење на свеста за придобивките од претприемништвото и стимулирање на претприемачки дух кај младите.
2. Поттикнување и поддршка на младите да отпочнат и развијат сопствен бизнис.
3. Поддршка на младите претприемачи во дигитализација на своите бизниси.

4. Поддршка на иновациите во зелена економија.
5. Намалување на бариерите за формализација  кај (само)вработените и хонорарните работници.
6. Развој и поддршка на паметни економски решенија засновани на потребите и предизвиците со кои се соочуваат младите луѓе.
7. Поддршка на стартапи од млади со висок потенцијал во стратешки сектори за државата.
8. Поддршка на младите претприемачи во руралните области за развој на земјоделието и туризмот.

**Посебна цел 2: Подобрена усогласеноста помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот, поголема инклузија на младите со помалку можности на млади на пазарот на трудот и намалување на јазот помеѓу мажите и жените.**

1. Подобрување на меките вештини кај младите лица.
2. Подобрување на информираноста на младите за исходите на пазарот на трудот за занимањата.
3. Јакнење на кариерното советување особено кај млади лица кои не се вработени и кои не се вклучени во процесот на образование или обука.
4. Јакнење на свеста за можностите од средното стручно образование и обезбедување на повеќе информации за исходите на пазарот на трудот.
5. Јакнење на механизми за стимулирање на компаниите да го зголемат учеството на млади во своите компании и да обезбедат тренинг можности за подобрување на вештините.
6. Создавање можности за младите луѓе да комуницираат со професионалците од нивната област на интерес.
7. Активација на младите лица кои не се вработени и кои не се вклучени во процесот на образование или обука.
8. Јакнење на капацитетите на институциите одговорни за имплементација на активните политики на пазарот на трудот.

**Посебна цел 3: Намалено економското иселување на младите лица и зголемување на дојдовната миграција преку зајакнати регионални економски политики и владеење на правото**

1. Развој на квалитативни и квантитативни индикатори за мерлив регионален пристап заснован на податоци како основа за поттикнување на младинско претприемништво.
2. Вклучување на младите во процесот на подобрување на владеењето на правото и овозможување на еднакви системски можности за претприемништво.
3. Поддршка на младите луѓе од државата кои живеат во странство и нивно вклучување во претприемачки, креативни и развојни активности во земјата.
4. Овозможување на поволно опкружување за привлекување на дигитални номади.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#7. Квалитетно вработување за сите.

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| Индикатор | Референтно ниво | Преодна вредност (2025) | Краен таргет 2027 | Извор на индикатор |
|---|---|---|---|---|
| **Стапка на вработеност, % на лица на возраст 15-29 години** | 33.4% (2021) | 35% | 37% | Државен завод за статистика |
| **Стапка на невработеност, % на население на возраст 15-29 години** | 27.6% (2021) | 26% | 24% | Државен завод за статистика |
| **Стапка на долготрајна невработеност (12 месеци или повеќе), % на население на возраст 15-29 години** | 21.1% (2022) | 18% | 16.5% | Евростат |
| **Стапка на самовработување, % на лица на возраст 15-29 години** | 6.8% (2020) | 10% | 14% | Евростат |

**5.8. Безбедност (насилство)**

*Безбедноста е состојба која подразбира слобода од опасност и закани, а државата според уставните начела е должна да ја гарантира на сите свои граѓани. Таа е предуслов за развој во сите останати сфери бидејќи доколку е загрозена тоа го успорува или оневозможува развојот на поединецот, а со тоа и на општеството. РСМ е безбедна и стабилна земја, но тоа не значи дека е имуна на сите закани, особено во современиот контекст каде заканите еволуираат паралелно со технологијата. Во контекст на младите, безбедноста е исклучително важна бидејќи младите се сметаат како најранлива категорија по речиси сите безбедносни параметри. Почнувајќи од личната физичка*



*безбедност во јавните простори и јавни установи па се до дигиталниот простор каде младите се повеќе минуваат време, институциите се должни да им овозможат поддршка на младите бидејќи во спротивно се создава вакум кој предизвикува и може да создаде ризици по целокупната општествена отпорност. Затоа, приоритетната област „Безбедност" се стреми да понуди инклузивен системски одговор на предизвиците од аспект на личната безбедност и сигурност со кои се соочуваат младите на начин кој е разбирлив и соодветен за нив. Овој пристап ќе овозможи околина во кои тие ќе можат успешно да се развиваат во отпорна, силна и кохезивна средина.*

**Посебна цел 1: Подобрени услови за лична физичка безбедност и интегритет во јавниот простор**

1. Подобрување на инфраструктура за слободно движење во јавниот простор во рамките на јавните пешачки зони, плоштади и зони за спорт и рекреација.
2. Прилагодување и овозможување на достапност и безбедна јавната инфраструктура до лицата со попреченост.
3. Подобрена контрола врз безбедноста во јавниот транспорт за да се избегнат закани по физичка безбедност на младите.
4. Зачестени безбедносни контроли во фреквентни места за заштита на младите од закани по лична физичка безбедност.

**Посебна цел 2: Зајакнати механизми за гарантирање на слобода на изразување и борба против дискриминација, поларизација и екстремизам**

1. Зголемување на свеста за инклузија на млади од ромската популација.
2. Зголемување на свест за вклучување и рамноправност на млади ЛГБТИ лица и зајакнување на имплементацијата постоечките механизми за заштита на нивните права.
3. Системско адресирање на политичка поларизација и влијанието на истата врз младите низ образованитето преку зголемен фокус на курикулумот на граѓанско образование за толераниција на различни мислења и право на политичко определување.
4. Стимулирање на медиумски програми со фокус на успешни приказни кои се темелат на меѓуетнички соживот, успеси на личности од маргинализирани заедници и примери за култура на соживот.
5. Зајакнување на капацитетите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за работа со млади, вклучително и млади со помалку можности, за подобрување на превентивните надлежности и капацитети на истата.

6. Подобрување на комуникацијата на младинските чадор организации и Националниот комитет за спречување на екстремизам и борба против тероризам.
7. Зајакнување на механизмите за рано препознавање на радикализација и насилен екстремизам и нивно целосно имплементирање.

**Посебна цел 3: Зголемена доверба на младите во институциите и сензибилизирани инстиуции за работа со млади кои применуваат инклузивен и проактивен пристап**

1. Зголемување на видливоста на службениците за млади во рамките на институциите на локално и национално ниво и стандардизирање на работна програма во поглед на градење на општествена кохезија и спречување на насилство и дискриминација помеѓу младите.
2. Зголемување на свеста и подобрување на капацитетите на општините за вклучување на младинскиот совет и младинските организации во дизајн и имплементација на мерки од безбедносен карактер на локално ниво.
3. Подобрување на надзорот од страна на релевантните тела над полициски службеници со цел адекватно исполнување на надлежностите и почитување на правата при работа со млади.
4. Воведување на задолжителни обука на полициски службеници за постапување во случаи со родово базирано насилство и сексуално вознемирување.
5. Воведување на механизми за институционална поддршка на жртви кои пријавуваат родово базирано насилство и сексуално вознемирување кај младите жени и девојки.
6. Отпочнување на програми за градење на доверба помеѓу млади од ромската заедница и полициски службеници.
7. Зголемување на капацитетите на обвинителството, судовите, народниот правобранител во работа со млади.
8. Зголемување на видливоста на Народниот правобранител и надлежности релевантни за младите.

**Посебна цел 4: Зголемена свест и имплементација на мерки за намалување на врсничко насилство, родово базирано насилство, сајбер безбедност и дигитална хигиена во рамките на образовните институции**

1. Интеграција на сајбер безбедност и дигитална хигиена во наставна програма за информатика почнувајќи од средното образование.
2. Зголемување на свеста на родители за сајбер безбедност и дигитална хигиена помеѓу учениците во средното образование.

3. Кревање на свест помеѓу младите, родителите и просветните работници, за формите и влијанието на сајбер-врсничкото насилство со цел да се создаде заеднички пристап кон отпорноста на младите од сајбер насилство.
4. Воспоставување на формализирана соработка помеѓу Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти и образованите установи со цел зголемување на свест за сајбер безбедност.
5. Подобрување на капацитети на педагози и психолози како и одделенски раководители за градење на здрава и безбедна училишна средина во насока на превенција и заштита од врсничко насилство и подигнување на чуството на сигурност на учениците.
6. Креирање и подобрување на механизми за пријавување, заштита и спречување на сексуално насилство во рамки на образовниот процес.
7. Воведување на механизми за спречување и санкционирање на врсничко насилство во средни училишта.
8. Проценка на ефикасноста на мерките за пријава и санкционирање на сторители на врсничко насилство и работа за корегирање на однесувањето.
9. Креирање на систем за евидентирање на случаи со врсничко насилство во училиштата на државно ниво.
10. Креирање на механизми за системска поддршка во рамки на училиштата за жртви од врсничко насилство.

**Оваа младинска област придонесува кон следните европски младински цели**:

#2. Родова еднаквост, #3. Инклузивни општества, #4. Информации и конструктивен дијалог.

**Индикатори за мерење на успех во приоритетната област:**

| Индикатор | Референтно ниво | Преодна вредност (2025) | Краен таргет 2027 | Извор на индикатор |
|---|---|---|---|---|
| **Курикулум за сајбер безбедност во рамки на часовите по информатика во средните училишта** | Не постои како дел од наставната програма во моментот | Подготвен драфт курикулум | Усвоен и во наставна примена | |
| **Воспоставување на систем за евидентирање на врсничко насилство** | Во моментов не постои таков систем | Системот е во фаза на пилотирање | Системот е функционален и пуштен во употреба | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **во училиштата на државно ниво** | | | | |
| **% на средношколци кои се чуствуваат безбедни во училиште** | Реферетното ниво ќе биде поставено врз база на истражување кое ќе се спроведе во 2023 година | Ќе биде дефинирана по поставување на референтното ниво | Ќе биде дефиниран по поставување на референтното ниво | |

## 6. Рамка за следење, оценување и известување

**Предуслов за успехот на НСМ е да бидат воспоставени ефективни механизми на одговорност и следење**. Целта на стратегијата е да има висока употребна вредност, пришто ќе биде можно да се утврди, кој ќе ја спроведува, по кои правила ќе тече процесот на спроведување и како ќе се мери нејзината успешност и влијание. Поради тоа, се наметнува потребата за воспоставување на јасен и ефикасен систем на имплементација, мониторинг и евалуација со кој, меѓудругото, ќе се надминат главните недостатоци и предизвици на претходните две стратегии за млади.

**Имплементацијата и следење на напредокот за НСМ е одговорност на сите државни институции идентификувани во рамки на приоритетните поглавја, а операционализацијата на стратегијата ќе биде постигната согласно акциската рамка која предвидува изработката на два акциски планови (2023-2025 и 2026-2027).**[58] Изработката на акциските планови за имплементација на стратегијата е обврска на АМС, согласно со Законот за младинско учество и младински политики, со претходно прибавено мислење од Националното советодавно тело за млади (по неговото воспоставување). Акциските планови се темелат на јасно дефинирани активности кои ќе ги следат целите и мерките предвидени во стратегијата, назначување на носителите на активност, како и финансиска проекција за чинење на имплементацијата. Усвојувањето на акциските планови е во надлежност на Владата на РСМ, а НМС се спроведува со финансиски средства од Буџетот на РСМ.

**Механизмите за мониторинг се од посебно значење за обезбедување на успешност на процесот на имплементација на секоја повеќегодишна политика, вклучително и на НСМ**. Согласно со Законот за младинско учество и младински политики, Владата на РСМ подготвува годишен извештај за спроведување на Националната стратегија за млади и акцискиот план кој се разгледува од страна на Собранието на РСМ најдоцна до 30 јуни во тековната година за претходната година. Дополнително, АМС, како централно координативно тело за имплементација на стратегијата ќе го следи процесот на исполнување на стратегијата, односно на акцискиот план. Процесот на координација ќе се ослони на ресурсите поставени во Законот за младинско учество и младински политики и тоа: службениците за

[58] Првиот акциски план (2023-2025) се усвојува заедно со текстот на стратегијата. Подготовката на вториот акциски план (202-2027) е предвидена во текот на 2025-та година.

млади, младинските центри и канцелариите за млади кои ќе бидат во непосредна и директна врска со АМС.

**Во рамки на процесот на следење на имплементацијата на стратегијата се предвидува организација на тематски дискусии**. Во рамки на Собранието на РСМ како дел од соодветната комисија ќе се организира годишна тематска дискусија на која ќе се разгледа годишниот извештај за спроведување на НСМ и акцискиот план од претходната година. Тематската дискусија се организира во соработка со Клубот за младински прашања и политики[59] во рамки на чиишто делокруг е унапредување на статусот и положбата, како и заштита на интересите на младите. Најмалку еднаш годишно, Владата на РСМ ќе организира тематска седница за младински политики на која ќе се дискутира напредокот во спроведување на стратегијата, заедно со претставници од институциите, граѓанскиот сектор, меѓународните организации и други ентитети кои работат на полето на младински прашања и политики. Независно од овие процеси, АМС во рамки на своите активности и програма може да организира и други видови на средби и активности на локално и национално ниво во насока на промовирање на стратегијата и разгледување на нејзината имплементација.

**Како показател за успешноста на НСМ се земаат индикаторите кои се групирани според приоритетните области созджани во стратегијата**. Индикаторите вклучени за потребите на стратегијата, произлегуваат од домашни и меѓународни извори со особен степен на релевантност[60] кои овозможуваат нивно континуирано мерење. Во процесот на избор на индикаторите беа следени и препораките од извештајот за ажурирање на индикаторите за млади на ЕУ.[61] Прогресот во однос на индикаторите дефинирани во рамки на стратегијата се нотираат во рамки на годишниот извештај за спроведување на НСМ подготвен од страна на Владата на РСМ. АМС во соработка со институциите и граѓанските организации кои работат на полето на младински прашања и политики редовно, најмалку еднаш годишно, ги ажурира вредностите на поставените индикатори. Исто така, Агенцијата за млади и спорт, на средината во процесот на имплементација во 2025 година и на самиот крај од имплементација во 2027 година ќе спроведе и истражување на перцепциите на младите (Истражување за младинските трендови).

**Крајната оцена на успешноста на НСМ ќе биде утврдена преку надворешна независна евалуација**. Надворешната независна евалуација ќе биде спроведена од независни експерти/организации ангажирани од АМС, во рок од шест месеци, после завршувањето на периодот на кој се однесува стратегијата. Надворешната независна евалуација ќе има за цел објективно да го оцени степенот на исполнетост на индикаторите предвидени на ниво на стратегијата и реализацијата на активностите предвидени со акциските планови. Дополнително, а со цел на користење на искуствата од имплементација на оваа стратегија во процесот на креирање на идните стратегии за млади, надворешната независна евалуација ќе опфати и утврдување на: институционални капацитети за имплементација на стратегијата, степенот на координација на институциите во исполнувањето на

[59] Клубот е неформална група во која членуваат пратеници до 35 години и пратеници кои имаат интерес за младински прашања и политики во Собранието на Република Северна Македонија.

[60] На пример, Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија и базата на податоци за млади на Евростат.

[61] За повеќе, види Финален извештај за предлог за ажурирање на индикатори за млади на ЕУ.

стратегијата, распределбата на финансиски ресурси предвидени согласно со акциските планови, вклученоста на младите и формите на организирање на млади при имплементацијата на стратегијата, како и други прашања од интерес.

**Сите извештаи во одделните фази на имплементација на стратегијата, како и извештаите од надворешната независна евалуација ќе бидат јавно достапни** преку интернет страницата на АМС, како и интернет странците на сите надлежни институции задолжени за имплементација на активности согласно со акциските планови. Дополнително, извештаите ќе бидат споделени и со формите на организирање на младите. Во рамки на Националната информативна платформа како сервис за информирање на младите ќе има наменет простор посветен на следење на имплементацијата на стратегијата и активностите кои произлегуваат од неа.

## 7. Управување со ризици

| Ризик | Веројатност за настанување на ризикот | Влијание на ризикот врз остварување на целите | Мерки за справување со ризикот |
|---|---|---|---|
| Фискални притисоци врз буџетот на РСМ предизвикани од меѓународните економски текови | Средна | Намалени средства за реализација на целите и активностите од стратегијата | Рационализација на предвидените цели со фокус на најприоритените активности кои водат кон исплонување на системските индикатори за успешност |
| Недостаток на човечки ресурси во АМС за следење на процесот на имплементација на стратегијата и акциските планови | Средна | Отежнато следење на процесот на имплементација на стратегијата и акциските планови | Зајакнување на постоечките капацитети во АМС и дополнување со нови, како и подобрување на комункацијата со службениците за млади |
| Недостаток од меѓуинституционална соработка | Средна | Забавено темпо на реализација на активностите | АМС повремено ќе организира заеднички средби со клучните институции кои имаат улога во имплементирањето на стратегијата со цел подобрување на усогласеноста и комуникацијата помеѓу институциите. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Дополнително, редовното ажурирање и следење на акцискиот план се очекува да придонесе кон подобрување на реализацијата на активностите. |

## 8. Поврзаност со други стратегии и планови

Препознавајќи ја важноста за постигнување кохерентност и синергија со релевантни домашни и меѓународни стратешки документи во областа на младите, а особено тие кои се креирани од Владата на РСМ, Европската Унија и Обединетите нации, Националната стратегија за млади 2023-2027 посвети посебно внимание во интегрирање на младински политики кои се составен дел на следните стратешки документи:

**Европска стратегија за млади 2019-2027.**[62] Целите на стратегијата вклучуваат подобрување на политичките одлуки кои се однесуваат на младите, поддршка на младите за независен живот (вклучувајќи го и намалувањето на сиромаштијата и дискриминацијата) и зајакнување на младите да го изразат својот граѓански ангажман. Стратегијата предвидува и зајакнување на меѓусекторската соработка на сите нивоа на одлучување во обид за интеракција, поголем ангажман на младите и синергија меѓу мерките. Стратегија се потпира на три основни области на активности: 1) *Вклучување* – што подразбира поттикнување на младинското учество во демократскиот живот; 2) *Поврзување* – што подразбира поврзување на младите луѓе низ ЕУ и пошироко за да се поттикне волонтерското ангажирање, учење преку мобилност, солидарност и меѓукултурно разбирање; и 3) *Зајакнување* – што подразбира поддршка за зајакнување на младите преку квалитет, иновации и препознавање на младинската работа.

**Европските младински цели 2019-2027.**[63] Овие цели, вкупно 11 на број, ги одразуваат ставовите на европската младина и ја претставуваат визијата од која произлегува и Стратегијата за млади на Европската унија 2019 – 2027. Целите вклучуваат: 1. Поврзување на ЕУ со младите; 2. Родова еднаквост; 3. Инклузивни општества; 4. Информации и конструктивен дијалог; 5. Ментално здравје и добросостојба; 6. Унапредување на состојбата на младите од руралните области; 7. Квалитетно вработување за сите; 8. Квалитетно учење; 9. Простор и учество за сите; 10. Одржлива зелена Европа; 11. Младински организации и европски програми.

[62] Документот е достапен на линкот: https://youth.europa.eu/strategy_en

[63] Документот е достапен на линкот: https://youth-goals.eu/

**Стратегија за младински сектор 2030 на Совет на Европа**.[64] Стратегијата ја дефинира рамката во која младинскиот сектор на Советот на Европа ќе ја оствари својата цел да им овозможи на младите ширум Европа активно да ги поддржуваат, бранат, промовираат и да имаат корист од основните вредности на Советот на Европа поврзани со човековите права, демократијата и владеењето на правото.

**Стратегијата за млади 2030 на Обединетите нации.[65]** Оваа стратегија делува како чадор рамка која има за цел да ја ја засили работата на Обединетите нации со и за младите луѓе преку три столба: 1) Мир и безбедност, 2) Човекови права и 3) Одржлив развој.

**Целите за одржлив развој на Обединетите нации**.[66] Претставуваат 17 меѓусебно поврзани цели што се однесуваат на главните развојни предизвици во светот. Секоја од набројаните цели за одржлив развој е расчленета на вкупно 169 конкретни цели, чие постигнување може да биде оценето преку мерливи резултати (таргети). Преку проценка на степенот на остварување на зацртаните резултати за секој од така дефинираните таргети се врши проценка на степенот на остварување на соодветната долгорочна цел за одржлив развој, со што се овозможува мерливост на реализацијата на вкупните Цели за одржлив развој.

**Рамка за соработка за одржлив развој меѓу Република Северна Македонија и Обединетите нации (2021-2025)**.[67] Рамката е главен стратешки документ што ја насочува работата на сите агенции на ОН што работат во земјата, во наредните пет години. Развиена е во блиска соработка со Владата, по опсежен консултативен процес со организации и индивидуалци од разни сфери на делување и интерес.

**Извештаи за напредокот на Република Северна Македонија за членство во Европската унија**. [68] Како документи со кои се определуваат генералните текови на креирање на политики во сеопфатна смисла, а во таа смисла вклучувајќи ги и младите, неразделно поврзани и опсервирани во процесот на изработка на новата НСМ беа и извештаите за напредокот на државата за членство во Европската унија за 2020, 2021 и 2022 година. Во подготовката на Стратегијата беше земена предвид и Националната програма за усвојување на правото на европската унија 2021-2015.

**Стратешки приритети на Владата на РСМ.** Програмата за работа на Владата 2022-2024 има за цел да ги опише клучните приоритети на кои Владата се посветува и начините на кои планира да ги воведе и спроведе реформите. Сите пет клучни области од програмата - Забрзан и одржлив економски раст со подобар животен стандард, социјална инклузивност и развој на човечки капитал, владеење на правото и добро управување, унапредување на демократијата и слободата, интеграции во НАТО и ЕУ – наоѓаат соодветно место и во текстот на стратегијата.

---

[64] Документот е достапен на линкот: https://www.coe.int/en/web/youth/youth-strategy-2030
[65] Документот е достапен на линкот: https://www.un.org/youthenvoy/youth-un/
[66] Документот е достапен на линкот: https://sdgs.un.org/goals
[67] Документот е достапен на линкот: https://northmacedonia.un.org/sites/default/files/2020-11/UN-SDCF-MK_macedonian_signed.pdf
[68] Документите се достапни на линкот: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en
https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2021-10/North-Macedonia-Report-2021.pdf
https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2020-10/north_macedonia_report_2020.pdf

**Декларација за млади и безбедност.**[69] Декларацијата е документ кој ја нагласува потребата од активна промоција на култура на мир, дијалог, правда, соживот, доверба и помирување помеѓу младите.

## 9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9.1. Со денот на објавувањето на оваа стратегија престанува да се применува Националната стратегија за млади 2015-2025.

9.2. Оваа стратегија се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

[69] https://www.osce.org/files/f/documents/6/7/207266.pdf

Прилог бр.1

**Листа на институции задолжени за имплементација на стратегијата[70]**

- Собрание на РСМ
- Влада на РСМ - Генерален секретаријат
- Министерство за образование и наука
- Министерство за култура
- Министерство за здравство
- Министерство за животна средина
- Министерство за економија
- Министерство за финансии
- Министерство за труд и социјална политика
- Министерство за локална самоуправа
- Министерство за правда
- Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство
- Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
- Министерство за информатичко општество и администрација
- Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство
- Секретаријат за европски прашања
- Агенција за млади и спорт
- Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Агенција за квалитет во високо образование
- Агенција за поддршка на претприемништвото
- Агенција за вработување
- Агенција за лекови и медицински средства на РСМ

[70] Ингеренциите на секоја институција ќе бидат подетално дефинирани во рамки на акциските планови.

- Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој
- Биро за развој на образованието
- Високо образовни установи
- Државен просветен инспекторат
- Државен испитен центар
- Институт за јавно здравје
- Јавни комунални претпријатија
- Комисија за спречување и заштита од дискриминација
- Македонска радио телевизија
- Мрежата на национални, локални културни институции и домови за култура
- Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
- Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти
- Национален комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам
- Општините, општините во Градот Скопје и и Град Скопје
- Регионални и локални центри за јавно здравје
- Средни училишта
- Фонд за здравствено осигурување
- Фонд за иновации и технолошки развој
- Центар за стручно образование и обука
- Центар за образование на возрасни